НОРА ХАЛИМИ

2

# ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

Учебник за втора година гимназиско образование

litera group

# ЛИКОВНА УМЕТНОСТ,

ЗА II (втора) ГОДИНА
гимназиско образование

Одобрено од Министерството за образование и наука,
во согласност со Одлуката бр. 26-560/1 од 4.5.2026 година.

**Издавач**
Литера гроуп, Скопје, 2026

**Автор**
Нора Халими

**Главен уредник**
Ајнуре Селмани

**Уредник**
Самије Лимани – Муслиу

**Стручен соработник**
Ана Франговска

**Рецензентска комисија од МОН**
Академик Невзат Бејтули – Кица
проф. д-р Нехат Беќири
Катерина Филипоска – Стефановска

**Лектура**
Елизабета Бандиловска

**Дизајн**
Литера гроуп - Арбана Дехари, Нора Халими

**Графичко и техничко уредување**
Литера гроуп

**Печати**
Полиестердеј - Скопје

**Тираж**
3 600

© 2026 Литера гроуп. Сите права се задржани.

Ниту еден дел од овој учебник не смее да биде репродуциран, умножуван, дистрибуиран, јавно соопштуван или пренесуван во која било форма или со какви било средства, вклучително и електронски, механички, со фотокопирање, снимање или на друг начин, без претходна писмена согласност од издавачот.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

7(075.3)

ХАЛИМИ, Нора
Ликовна уметност 2 : учебник за втора година гимназиско образование / Нора Халими. - Скопје : Литера Гроуп, 2026. - 127 стр. : илустр. ; 29 см

Речник на поими: стр. 122-126. - Библиографија: стр. 127

ISBN 978-608-4855-86-6

COBISS.MK-ID 69123589

# ПРЕДГОВОР

Уметноста е универзална форма на човечкото изразување која ги поврзува минатото, сегашноста и иднината. Таа е прозорец кон човечката мисла и емоција и суштински траен дел од човечкото искуство. Ликовната уметност ја отсликува разновидноста на креативното изразување на различни култури и ни помага да го разбереме светот околу нас. Преку визуелните форми, човекот низ историјата ги пренесувал своите мисли, чувства и идеи создавајќи дела што сведочат за времето, општеството и за културата во кои настанале.

Ликовната уметност има значајна улога во образованието бидејќи ги поттикнува креативното размислување, визуелната писменост и способноста за изразување мисли и чувства. Преку ликовното образование, учениците учат да разгледуваат, да анализираат и да толкуваат визуелни содржини развивајќи критичко мислење и естетска свест.

Овој учебник е наменет за учениците од втора година гимназиско образование и е изработен во согласност со Наставната програма на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

Тој се надоврзува на знаењата стекнати во прва година и е насочен кон запознавање со модерната и со современата уметност во светот и во Република Северна Македонија, кон ликовното изразување, уметноста во просторот, дизајнот, визуелната комуникација и кон дигиталната уметност.

Во рамките на тематските единици, учениците ќе најдат визуелни примери, клучни поими, активности, интересни податоци и прашања што поттикнуваат активно учество во наставниот процес и им помагаат да изградат личен однос кон уметноста во поширокиот контекст на историјата, ликовното изразување и на визуелната комуникација.

Со изучувањето на содржините, учениците ќе стекнат основни знаења и ќе развијат способности за натамошно разбирање на уметноста и на нејзината улога во современиот културен и општествен контекст. Ликовната уметност во современото образование ги поврзува традиционалните практики со дигиталните медиуми и со новите технологии.

Се надевам дека овој учебник ќе биде корисна поддршка за наставниците во реализацијата на наставната програма и ќе ги подготви учениците за активно и одговорно учество во динамичната визуелна средина на современото општество.

Нора Халими

# СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР 3

**ТЕМА 1: РАЗВОЈ НА МОДЕРНАТА И НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ**

**1.1. Улогата и структурата на уметничкото дело** 7
**1.2. Почетоци на модерната уметност** 11
1.3. Импресионизам 11
1.4. Постимпресионизам 14
1.5. На прагот на новиот век: фовизам, експресионизам и кубизам 17
1.6. Фовизам 18
1.7. Експресионизам 20
1.8. Кубизам 22
**1.9. Експерименти во модерната уметност** 25
1.10. Дадаизам 25
1.11. Надреализам 27
1.12. Апстрактна уметност 30
1.13. Апстрактен експресионизам 33
1.14. Оп-арт 36
**1.15. Постмодерна и современа уметност** 38
1.16. Поп-арт 38
1.17. Концептуална уметност 40
1.18. Флуксус и уметнички перформанс 42
1.19. Видеоуметност 44
1.20. Дигитална и имерзивна уметност 45
1.21. Иновација и континуитет: дополнителни уметнички движења од крајот на 1960-тите и во текот на 1970-тите 47
**1.22. Модерната и современата уметност во Република Северна Македонија** 52

## ТЕМА 2: ЛИКОВНО ИЗРАЗУВАЊЕ


**2.1. Цртачки техники** 64
**2.2. Сликарски техники** 70
**2.3. Графички техники** 75
**2.4. Вајарски техники** 79


## ТЕМА 3: УМЕТНОСТ ВО ПРОСТОРОТ


**3.1. Архитектура и урбанизам** 83
**3.2. Урбана уметност** 88
**3.3. Интервенција во просторот** 92


## ТЕМА 4: ДИЗАЈН, ВИЗУЕЛНИ КОМУНИКАЦИИ И ДИГИТАЛНА УМЕТНОСТ


**4.1. Видови дизајн** 97
**4.2. Визуелна комуникација** 107
**4.3. Фотографијата како визуелен медиум** 110
**4.4. Дигитални медиуми и мултимедијално изразување** 115

# ТЕМА 1: РАЗВОЈ НА МОДЕРНАТА И НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ

Ние ги изучуваме уметностите и нивната историја затоа што тие ни помагаат да разбереме како луѓето се изразувале, и во минатото и денес.

Историјата на уметноста ни овозможува да ги истражиме различните човечки култури и да ги разбереме општеството и светот во кој живееме.

Од сликите во пештери до современите дела, се развила голема разновидност на уметнички правци. Историчарите и критичарите на уметноста му даваат на секој правец различни дефиниции и толкувања. Сепак, без оглед на времето или на местото на создавање, без разлика на социјалниот, културниот, духовниот и на историскиот контекст, уметноста секогаш постоела затоа што уметникот имал нешто да каже и избрал начин да го изрази тоа.
Потребата и желбата за комуникација на мисли, чувства и идеи секогаш биле во центарот на уметничкото изразување. Уметноста е универзална форма на човечко изразување која го поврзува минатото со сегашноста и со иднината.

Првата тема од овој учебник е продолжение на содржината обработена во учебникот „Ликовна уметност I“ за прва година гимназиско образование.
Во него се запознавте со развојот на ликовната уметност од праисторијата до крајот на средниот век. Во овој дел од учебникот ќе се запознаете со почетоците и со развојот на модерната и на современата уметност, нивните разлики, историскиот контекст, клучните карактеристики, главните движења и нивните претставници, како и со модерната и со современата уметност во Република Северна Македонија.

Со изучувањето на модерната и на современата уметност ќе разберете како формата и значењето на уметничките дела се менувале со општествените, економските и со технолошките промени. Ќе развиете вештини за анализа, за оценување и за толкување на уметничките дела и ќе научите како уметноста ни помага да го гледаме и да го доживуваме светот околу нас.

### Цели на темата

- Да ги идентификуваш и да ги објаснуваш главните модерни и современи уметнички правци, нивните главни карактеристики, претставници и најпознати дела.
- Да препознаваш и да споредуваш значајни дела на реномирани уметници од светот и од РС Македонија во контекст на нивниот стил и време.
- Да анализираш уметнички дела според форма, боја, композиција, симболика и идеја, користејќи соодветен ликовен речник.
- Да создаваш оригинална ликовна творба инспирирана од современи уметнички практики и од сопствена идеја.
- Да развиеш чувство на почит кон современата уметност, препознавајќи ја нејзината улога во културата и во општеството.
- Да развиеш визуелна перцепција преку препознавање на естетски и на ликовни вредности во уметничкото дело.

# УЛОГАТА И СТРУКТУРАТА НА УМЕТНИЧКОТО ДЕЛО

**Уметничко дело** е секое создадено дело од уметник што има цел да изрази идеи, чувства или визија, да комуницира или да инспирира, и често да поттикне размислување, емоционална или интелектуална реакција кај гледачот.
Уметничкото дело е резултат на индивидуална креативност, но и одраз на културниот, историскиот и на општествениот контекст во кој е создадено.

**КЛУЧНИ ПОИМИ**
уметничко дело, структура, тема, форма, содржина, органска целина

Уметничкото дело има повеќе меѓусебно поврзани **улоги**:

- му овозможува на уметникот да ги **изрази** своите емоции, идеи, лични искуства и идентитет;
- **комуницира** преку пораки, приказни и симболи со публиката;
- изгледа како **огледало на општеството**, одразувајќи културни вредности, општествени прашања и историски моменти;
- обезбедува **естетско доживување**, нудејќи визуелно или естетско задоволство;
- може да има **критичка улога**, да преиспитува општествени норми, да ја критикува реалноста и да поттикнува размислување и дебата;
- има **воспитно-образовна** функција, помага во разбирањето на историјата, културата и на човечката креативност;
- има **симболична улога**, користи симболи и метафори за да пренесе подлабоки значења;
- може да има **трансформативна улога**, да влијае врз перцепцијата, чувствата и врз ставовите на поединецот и на општеството;
- и има **функционална улога**, особено во архитектурата, графичкиот дизајн и во применетите уметности воопшто, при што уметноста освен естетска, има јасна практична и функционална намена, олеснувајќи го секојдневниот живот.

Уметничкото дело е сложена целина составена од повеќе меѓусебно поврзани елементи. Неговата **структура** ни помага подобро да ги разбереме делото, пораката на уметникот и начинот на кој делото влијае врз публиката.

**Темата, формата** и **содржината** отсекогаш биле трите основни составни елементи на уметничкото дело, иако се различно застапени во различни култури и во уметничките практики.

Се претпоставува дека тоа сè уште важи и денес, иако во последните години кај некои современи уметнички дела овие составни елементи стануваат потешки за препознавање, разликување и за јасно дефинирање.

**КЛУЧНИ ПОИМИ**
материјал и уметнички техники, слоевитост, контекст, значење, интерпретација

**Темата** на уметничкото дело се однесува на тоа **што е прикажано** или **за што зборува делото**. Традиционално, темата се однесувала на: личност, настан, предмет, природен мотив, идеја, емоција или симбол.
Таа и натаму може да се однесува на нив, но со појавата на апстрактната уметност, темата може да упатува и на одредена конфигурација на ликовните елементи.

Ова, пак, може да се судри со поимот форма кој најчесто се разбира како начин на користење и организирање на ликовните елементи и принципи при градењето на уметничкото дело. Темата може да биде реалистична, симболична или апстрактна.




**Формата** е начинот на изразување на темата, односно визуелниот јазик преку кој уметничкото дело ја пренесува својата содржина. Формата на уметничкото дело претставува **комбинација на ликовните елементи и принципи** преку кои се организира и се обликува визуелниот израз. Таа одговара на прашањето **како е изработено делото**.

**Содржината** одговара на прашањето **зошто делото е создадено**, кои се неговите **порака, значење, идеја или намера**. Таа произлегува од односот меѓу темата, формата, контекстот и интерпретацијата и често вклучува емоционални, симболички, социјални или концептуални слоеви.
Содржината денес често се менува или не е јасно препознатлива. Вообичаено, содржината се смета како целокупната порака на уметничкото дело што ја создава уметникот, а ја толкува гледачот. Сепак, кај некои современи дела, содржината произлегува од многу лични искуства на уметникот, па затоа понекогаш е тешко за гледачот целосно да ја разбере доколку нема слично искуство.
Овие дефиниции за тема, форма и содржина се традиционални.
Во современата уметност, границите меѓу нив се испреплетуваат и често не може да се одделат јасно, па уметничкото дело ги изразува пораката и значењето преку експериментални медиуми и техники, преку материјалот или преку самата структура на делото.

**Медиумите** и **техниките** се важен дел од структурата на уметничкото дело бидејќи тие го обликуваат делото и му помагаат на уметникот да ги пренесе своите идеи и чувства до публиката.

Медиумите се материјалите што уметникот ги користи за да го создаде делото, како што се: боја, молив, глина, метал, ткаенина, дигитални алатки или комбинација од различни материјали. Тие влијаат врз изгледот, текстурата и трајноста на делото.
Уметничките техники се различни методи и пристапи што уметникот ги користи за да го реализира своето дело, да постигне одредени ефекти и да ја изрази својата креативна замисла. Тие вклучуваат техники на: сликарство, цртање, скулптура, графика, текстил и декоративни техники, како и модерни и експериментални форми, како што се: дигитална уметност, видеоуметност, перформанс или концептуална уметност.

**Контекстот** како дел од структурата се однесува на условите, околностите и на средината во која е создадено едно уметничко дело. Тој ги опфаќа историските, културните, општествените и личните околности во кои е создадено делото.

**Интерпретацијата** на уметничкото дело е начинот на кој гледачот го разбира, го доживува и го објаснува неговото значење. Интерпретацијата не е иста за сите; секој може да види нешто различно што е дел од убавината на уметноста.

Интерпретацијата е тесно поврзана со **слоевитоста на уметничкото дело** што подразбира постоење на повеќе нивоа на значење. Покрај **визуелниот** и **формалниот слој**, кој ги опфаќа видливите елементи и материјалот, делото содржи **содржински, симболички и контекстуален** слој поврзани со темата, мотивите и пораката, како и **интерпретативен** слој зависен од гледачот и од неговото знаење и искуство. Оваа слоевитост му дава длабочина и овозможува различни читања и значења низ времето.

Како заклучок, структурата на уметничкото дело не е само физичка или визуелна, туку претставува интегрирана мрежа од меѓусебно поврзани елементи: тема, форма, содржина, медиуми, техника, контекст и интерпретација. Тие заедно создаваат сложена, смислена, естетска и слоевита целина во која секој елемент има своја улога и значење. Ваквата структура овозможува уметничкото дело не само визуелно да се доживее туку и подлабоко да се разбере и да се интерпретира. Преку анализата на структурата на уметничкото дело, учениците развиваат критичко размислување, визуелна писменост и подлабоко разбирање на уметноста и на нејзината улога во општеството.

### АКТИВНОСТ

Поделете се во групи од 3-5 ученици и изберете едно модерно или современо уметничко дело. Обидете се да го анализирате од повеќе аспекти: што прикажува делото, како е изразена темата преку боја, линии, форма или материјал, која е пораката или значењето, со какви техники и материјали е направено, дали има симболика или скриени пораки кои ве тераат да се чувствувате некако или да размислувате за нешто.

### АКТИВНОСТ

Создај своја уметничка творба. Избери тема за твоето дело. Може да биде: портрет, пејзаж, мртва природа, апстрактна тема. Размисли за формата (боја, линија, композиција). Одлучи кој медиум и техника ќе ги користиш. Размисли за содржината и за значењето на твоето дело. На крај, подготви кратко објаснување за класот.



▶ **Знаеш ли дека...**

**„Ѕвездена ноќ“** е едно од најпознатите дела на Ван Гог и на постимпресионизмот. Делото прикажува ноќен пејзаж со село и со небо исполнето со вител од ѕвезди и месечина. Темата е ноќниот пејзаж, формата се изразените линии, силните бои и динамичните потези на четката, а содржината ја пренесува внатрешната емоционална состојба на уметникот – немир, чувствителност и духовна длабочина.

◀ Винсент ван Гог, „Ѕвездена ноќ“, 1889 год.



▲ Џеф Кунс, „Балонско куче“, серија скулптури создадени меѓу 1994 и 2000 год., при што секоја има различна боја: сина, магента, жолта, портокалова и црвена.

▶ **Знаеш ли дека...**

**„Балонско куче“** е едно од најпознатите дела на Џеф Кунс и често се користи како симбол на современата поп-арт и комерцијализирана уметност. Делото ги покажува повеќето улоги на уметноста. Тоа ги изразува радоста и играта (експресивна улога), привлекува внимание и поттикнува разговор за поп-културата (комуникативна улога) и е визуелно впечатливо поради големината и бојата (естетска улога). Делото, исто така, ги поставува прашањата за вредноста на уметноста и за влијанието на масовната култура (критичка улога), функционира како визуелен стимулатор во јавен простор (функционална улога) и симболизира детство и радост преку едноставната форма на кучето балон (симболична улога).

**Прашања**

1. Што е уметничко дело и кои се неговите основни улоги?
2. Кои се основните составни елементи на структурата на уметничкото дело?
3. Што подразбираме под тема, форма и содржина на уметничкото дело?
4. Зошто медиумите, техниките и контекстот се важни за разбирање на уметничкото дело?
5. Што значи слоевитост на уметничкото дело?

# ПОЧЕТОЦИ НА МОДЕРНАТА УМЕТНОСТ

**Модерната уметност** започнува во средината на 19 век кога уметниците почнаа да се оддалечуваат од строгите академски правила и да бараат нови начини на изразување.

Под влијание на големите општествени и индустриски промени, тие се насочија кон прикажување на реалниот секојдневен живот.

Симболична точка на пресврт претставуваше Салонот на одбиените дела во Париз во 1863 година каде што делата одбиени од официјалниот салон, меѓу кои и „Пикник на тревата“ на Едуар Мане, ја доведоа во прашање традиционалната уметничка естетика и поттикнаа јавна дебата.

Ова ослободување од традицијата создаде услови за натамошни експерименти во уметноста и доведе до појавата на импресионизмот и на постимпресионизмот каде што фокусот се помести кон светлината, бојата, минливите визуелни впечатоци, личниот израз, емоциите и кон духовното.

**КЛУЧНИ ПОИМИ**
импресионизам, plein air, светлина и боја, Моне, Реноар, Дега

# ИМПРЕСИОНИЗАМ

**Уметност на доловување на светлината**

### Историски и општествен контекст

**Импресионизмот** се појавил во Франција кон крајот на 19 век. Ова, претежно, сликарско движење претставувало големо отстапување од старите академски правила затоа што импресионистите сакале да го прикажат моментот таков каков што е, особено светлината и атмосферата. Тие често сликале на отворено (***en plein air***) за да прикажат современи сцени, пејзажи и делови од градскиот живот.

**Знаеш ли дека...**

**en plein air** е термин од францускиот јазик што значи **сликање на отворено**, директно во природна средина, наместо во ателје. Сликањето *en plein air* им овозможи на импресионистите внимателно да ги проучуваат природната светлина и начинот на кој таа влијае врз боите што ги користат.

**Главни карактеристики на импресионизмот**

**Импресионизмот** како уметничко движење се одликува со низа карактеристики што претставуваат радикална промена во начинот на создавање и на доживување на уметноста, преку фокус на светлината и бојата, доловување на минливи визуелни впечатоци и атмосфера, слободни и видливи потези на четката, како и прикажување на секојдневни сцени и пејзажи. Карактеристично е и сликањето на отворено, прифаќањето на несовршеноста и на динамиката, како и употребата на асиметрични композиции.

**АКТИВНОСТ**

Излезете надвор или погледнете во фотографија и обидете се да доловите светлина, сенки, бои и атмосфера на момент таков каков што го гледате. Користете хартија или платно, бои (акварел или масло), четки, моливи, пастели. Користете слободни потези на четката и живописни бои за да ги прикажете светлината, бојата и атмосферата. По завршувањето, споделете ја својата слика и објаснете кои елементи од импресионизмот ги користевте.

**Главни претставници и дела на импресионизмот**

Главни претставници на импресионизмот се: **Клод Моне, Пјер-Огист Реноар и Едгар Дега**. Моне е познат по сликата „Импресија, изгрејсонце“ и по пејзажите со водни лилии, Реноар по „Бал во Мулен де ла Галет“ и по портретите на современиот живот, а Дега по сликите на балерини и сцените од балетот. Други значајни претставници биле: **Камил Писаро, Берт Моризо, Мери Касат** и **Алфред Сислеј**.



Клод Моне, „Импресија, изгрејсонце“, 1872 год.



Пјер-Огист Реноар, „Бал во Мулен де ла Галет“, околу 1876 год.



Едгар Дега, „Балетски час“, меѓу 1874 и 1876 год.



Берт Моризо, „Колевка“, 1873 год.

## Импресионизмот во другите медиуми

Иако импресионизмот најчесто се поврзува со сликарството, тој влијаел и врз други уметнички форми. Во **скулптурата**, уметници како **Огист Роден** користеле динамични форми и игра со светлина и сенки, создавајќи „живи“ фигури.
Во **графиката** и во **литографијата, Едуар Мане** и **Едгар Дега** прикажувале современи сцени преку техники на отпечатување.



▲ Огист Роден, „Балзак“, од 1892 до 1897 год.

**Знаеш ли дека...**

Иако Огист Роден не бил импресионист, во неговата скулптура „Балзак“ се забележува влијание од импресионизмот. Наместо детална и прецизна обработка, Роден користи слободно моделирана форма и груба површина, со што ги истакнува општиот впечаток и изразот, а не точната физичка сличност. Како и кај импресионистите, целта не е реалистичен приказ, туку пренесување чувство и моментална перцепција, што го прави ова дело значајно за развојот на модерната скулптура.

### АКТИВНОСТ

Организирајте мала изложба во училницата со сите ваши слики. Разгледајте ги сликите на другите ученици и разговарајте за различните приоди, техники и начини на користење на бојата и на светлината. Споделете ги своите впечатоци и објаснете како ги користевте карактеристиките на импресионизмот.

**Прашања**

1. Што е модерна уметност и кога започнала?
2. Кои се главните карактеристики на импресионизмот?
3. Именувај најмалку три познати импресионистички слики и нивните автори.
4. Што значи терминот „en plein air“?
5. Кој импресионист бил познат по сликите со балерини?

# ПОСТИМПРЕСИОНИЗАМ

**Уметност на боја и на чувство**

### Историски и општествен контекст

**Постимпресионизмот** се појавува како продолжение и реакција на импресионизмот.
Во овој период, Париз и други европски градови доживуваат големи социјални, економски и културни промени – урбанизација, индустриска револуција и развој на нови социјални класи. Градската средина, кафеаните, парковите, руралниот пејзаж и секојдневниот живот стануваат главни извори на инспирација.
Уметниците сè повеќе се насочуваат кон личниот израз, емоциите и духовното отколку само кон визуелниот впечаток од светлината и од бојата.

**КЛУЧНИ ПОИМИ**

постимпресионизам, боја, емоција, форма, симболика, субјективност, поинтилизам, симболизам, Сезан, Сера, Гоген, Ван Гог, Мунк, арт нуво, Климт

**Знаеш ли дека...**

Пол Гоген ја напуштил Франција и заминал на Тахити во потрага по мирна и егзотична средина, верувајќи дека таму ќе најде почист и поавтентичен начин на живот, што силно ја инспирираше неговата уметност, каде што создал дела со силни бои и симболични мотиви инспирирани од локалниот живот и од природата.

### Главни карактеристики на постимпресионизмот

Постимпресионизмот ја продолжи насоката на импресионизмот кон бојата и кон светлината, но уметниците се насочија и кон симболика, структура и кон изразување емоции. Тие користеа смели бои, контрасти и динамични композиции и повеќе се фокусираа на личниот израз. Во овој период се појавија техники како поинтилизмот и истражувањето на примитивизмот кои го збогатија визуелниот јазик на уметноста и го подготвија патот за модерната уметност, како и за апстракцијата и за симболизмот.

### Главни претставници и дела на постимпресионизмот

Во постимпресионизмот се развија две насоки. **Пол Сезан** и **Жорж Сера** се фокусираа на форма, структура и техники како поинтилизмот, додека **Пол Гоген** и **Винсент ван Гог** истражуваа емоции и духовни теми со експресивни бои.
**Анри Русо** сликаше фантастични пејзажи со јасни контури и силни бои.
Значајни дела се „Мртва природа со јаболка“ од Сезан и „Собата“ од Ван Гог, како и „Жени од Тахити на плажа“ од Гоген и „Неделно попладне на островот Ла Гранд Жат“ од Сера, кои покажуваат различни пристапи кон боја, форма и кон емоционален израз.

**АКТИВНОСТ**

Набљудувајте мртва природа од Сезан и забележете боја, форма и композиција. Создадете своја миникомпозиција инспирирана од неговиот стил. Презентирајте ја и објаснете кои елементи од Сезан сте ги користеле.



Винсент ван Гог, „Собата“,
1889 год.



Пол Сезан, „Мртва природа со јаболка“,
1875 - 1877 год.



Жорж Сера, „Неделно попладне на островот Ла Гранд Жат“,
1884 - 1886 год.



Пол Гоген, „ Жени од Тахити на плажа“
1891 год.




▲ Анри де Тулуз-Лотрек, „Ла Гулу во Мулен руж“, 1891 год.

## Постимпресионизмот во другите медиуми

**Анри де Тулуз-Лотрек** бил француски постимпресионист кој сликал сцени од париските кафеани, кабареа и театри, а бил познат и по своите иконични постери за кабарето „Мулен руж“.

Меѓу постимпресионизмот и фовизмот нема јасно дефиниран правец, туку станува збор за транзициски период со преклопување на идеи и на стилови, што води кон модерната уметност во 20 век. Во овој период се развива **симболизмот** кој се фокусира на внатрешни чувства, емоции и идеи, користејќи симболи и митолошки мотиви, со претставници како **Густав Моро**, **Одилон Редон** и **Едвард Мунк**. Понатаму, се појавува **арт нуво (Art Nouveau)**, стил со декоративни, органски форми инспирирани од природата, при што клучна фигура е **Густав Климт**.



▲ Густав Климт, „Бакнеж“, 1908 год.



▲ Едвард Мунк, „Крик“, 1893 год.

### Прашања

1. Што е постимпресионизам?
2. Кои се главните карактеристики на уметноста на постимпресионизмот?
3. Кои постимпресионистички уметници се познати по структура и по форма, а кои по емоции?
4. Наведи едно познато дело од Пол Сезан, Ван Гог, Гоген или Сера.
5. Кои уметнички правци се појавија по постимпресионизмот?

# НА ПРАГОТ НА НОВИОТ ВЕК: ФОВИЗАМ, ЕКСПРЕСИОНИЗАМ И КУБИЗАМ

**Историски и општествен контекст**

Кон крајот на 19 и почетокот на 20 век се развиваат фовизмот, експресионизмот и кубизмот како дел од модерната уметност. Овие движења воведоа нов пристап кон бојата, формата и кон изразувањето.

Разновидноста, брзите промени и множеството „изми“ ја обликуваат уметноста на 20 век.

Понекогаш е тешко да се класифицираат уметниците според овие „изми“ бидејќи многумина не се ограничувале на еден стил и не работеле на ист начин низ целата своја кариера.

Во тој период Европа доживува големи технолошки, општествени и културни промени што ја менува перцепцијата за реалноста и влијае врз уметниците да бараат нови начини за прикажување на светот. Во Франција се појави фовизмот, инспириран од постимпресионизмот, симболизмот и од уметноста на Африка и на Океанија, со интензивни бои, слободни композиции и преувеличени форми. Името фовизам потекнува од францускиот израз „les fauves“, што значи „диви ѕверови“. Во Германија се развива експресионизмот кој се фокусира на внатрешниот свет и на емоциите, под влијание на индустријализацијата и психолошките теории на Фројд, а се пројавува во сликарството, скулптурата, театарот и во филмот.

Паралелно, кубизмот со Пикасо и со Брак расклопува предмети на геометриски форми и повеќе перспективи, создавајќи апстрахирани композиции и влијаејќи врз скулптурата, архитектурата и врз графичкиот дизајн.

# ФОВИЗАМ

**Уметност на „дивите sверови“**

## Главни карактеристики на фовизмот

**КЛУЧНИ ПОИМИ**
фовизам, „диви sверови“ боја, експресија, декоративност, слобода, Матис, Дерен, Вламинк

**Фовизмот** како уметничко движење се карактеризира со храбра и нереалистична употреба на бојата, како и со динамични, стилизирани композиции кои се оддалечуваат од традиционалното репрезентативно сликарство. Во делата често отсуствува класичната перспектива, а просторот е рамен и декоративен. Уметниците пристапуваат субјективно, прикажувајќи ја реалноста според личното чувство, а не според визуелната точност. Инспирација црпат и од примитивната и од народната уметност што придонесува за силна изразност и јасна визуелна порака.

**Знаеш ли дека...**

Францускиот критичар Луи Вокселес ги опишал делата на фовистите како „диви sверови“ кога ги видел на изложбата „Салон на есента“ во Париз во 1905 година. Овој израз подоцна бил прифатен како назив за целото уметничко движење и останал во употреба во историјата на уметноста.

## Главни претставници и дела на фовизмот

Фовизмот е револуционерно уметничко движење чиј водечки претставник е **Анри Матис**, заедно со **Андре Дерен** и **Морис де Вламинк**.
Анри Матис е најзначајната фигура на фовизмот и е познат по интензивни, чисти бои, поедноставени форми и декоративни, рамни композиции каде што бојата е главно изразно средство. Андре Дерен создава динамични композиции со силни бои, инспирирани од примитивната уметност, при што емоцијата има предност над реализмот. Морис де Вламинк користи експресивни потези и контрасти за да прикаже енергични пејзажи и сцени од секојдневниот живот. Значајни дела се „Танцот“ од Матис, „Танцот“ од Дерен и „Реката Сена кај Шату“ од Вламинк, кои ги истакнуваат радоста, декоративноста и емоционалниот израз.

**АКТИВНОСТ**

Поделете се во мали групи и изберете тема за колаж, на пример: пејзаж, сцена од секојдневниот живот или фигури во движење. Користете разнобојна хартија, списанија, боички и фломастери за да создадете колаж инспириран од фовизмот, со интензивни бои, поедноставени форми и декоративен стил. Кога ќе завршите, презентирајте го својот колаж пред класот и објаснете кои фовистички елементи ги користевте и како ги комбиниравте во групната работа.



▲ Анри Матис, „Танцот“, 1910 год.



Андре Дерен, „Танцот“, 1906 год.



Морис де Вламинк, „Реката Сена кај Шату“, 1906 год.

**Фовизмот во другите медиуми**

Иако фовизмот е најпознат како сликарско движење, неговите идеи се појавуваат и во други уметнички медиуми. **Матис, Дерен** и **Вламинк** покрај сликарството, создавале дела и во други медиуми, како што се: **цртежот, графиката, акварелот** и **декоративната уметност**.

**Прашања**

1. Кога, каде и под кои влијанија се појави фовизмот?
2. Што значи името „фовизам“ и од каде потекнува?
3. Кои се главните карактеристики на фовизмот во сликарството?
4. Кои уметници се сметаат за главни претставници на фовизмот?
5. Наведи едно познато дело на фовизмот и објасни зошто е важно.

# ЕКСПРЕСИОНИЗАМ

**Уметност на човековата душа**

### Главни карактеристики на експресионизмот

**КЛУЧНИ ПОИМИ**
експресионизам, субјективност, уметнички групи, Кирхнер, Кандински, Дикс, Барлах, Лембрук, Колвиц

**Експресионизмот** се карактеризира со силно изразување на емоциите и на субјективното доживување на светот. Тој ги нагласува личната интерпретација, суровите чувства и психолошките состојби на уметникот и на гледачот. Експресионистите користеле искривени форми, нагласени линии и силни бои за да ги прикажат своите чувства, стравови, како и егзистенцијалните прашања и анксиозноста на модерниот свет.

### Главни претставници и дела на експресионизмот

**Знаеш ли дека...**

Василиј Кандински се смета за првиот уметник што создавал апстрактни слики каде што бојата и формата самостојно пренесуваат чувство, без да прикажуваат конкретни предмети.

Германските уметници на почетокот на 20 век се сметале себеси за носители на нови уметнички вредности и настојувале да ги надминат традиционалните правила што ја ограничувале уметноста на нивното време. Во тој контекст се појавиле три значајни уметнички групи со силно влијание врз европското сликарство.

Групата **„Мостот“**, основана во 1905 година, се залагала за директен и експресивен израз со силни бои, а нејзини најзначајни претставници се **Ернст Лудвиг Кирхнер** и **Емил Нолде**. **„Синиот јавач“**, оформена во 1911 година, се фокусирала на духовноста, симболиката и апстракцијата, со **Василиј Кандински** како клучен претставник.

По Првата светска војна се појавила групата **„Новата предметност“**, која вовела пореалистичен и критички однос кон општеството, со **Ото Дикс** и **Џорџ Грос** како нејзини најпознати претставници.

Меѓу значајните експресионистички дела се „Улица, Дрезден“ од Кирхнер, „Синиот јавач“ од Кандински и „Војната“ од Ото Дикс, кои ги илустрираат разновидноста на изразот, темите и влијанието на експресионизмот врз модерната уметност.



▲ Ернст Лудвиг Кирхнер, „Улица, Дрезден“, 1907 год.



▲ Василиј Кандински, „Синиот јавач“, 1903 год.



▲ Ото Дикс, „Војната“, 1932 год.

## АКТИВНОСТ

Избери музичка композиција и претвори го звукот во апстрактна слика. Користи линии, бои и форми за да го прикажеш тоа што го слушаш. Може да работиш индивидуално или во група, на хартија или во дигитална апликација. Кога ќе завршиш, објасни како твоите линии и бои ги претставуваат музиката и емоциите што ги почувствува. Научи како бојата и формата може да ги пренесат звукот и емоциите, како кај Кандински.

### Експресионизмот во другите медиуми

Експресионизмот не се развивал само во сликарството, туку и во **скулптурата** и во **графиката**. Во скулптурата, уметници како **Ернст Барлах** и **Вилхелм Лембрук** користеле деформирани фигури и драматични форми за да ги изразат човечките емоции и психолошки состојби. Во графиката, **Кате Колвиц** преку силни линии и контрасти ги прикажувала болката и социјалната неправда, со што се истакнува суштината на експресионизмот: изразување на внатрешниот свет на човекот.



▲ Вилхелм Лембрук, „Стоечки млад човек“, 1913 год.



◄ Кате Колвиц, „Точење на косата“, 1905 год.

## АКТИВНОСТ

Избери една емоција: радост, тага или страв и преку боја и форма прикажи ја на хартија или на платно. Не цртај конкретни предмети, туку дозволи бојата и линиите да ги покажат твоите чувства. Кога ќе завршиш, објасни зошто ги избра боите и формите што ги користеше и како тие го пренесуваат твојот внатрешен свет, исто како експресионистите.

### Прашања

1. Што е експресионизам и кога се појавил?
2. Кои се главните карактеристики на експресионизмот?
3. Кои се главните уметнички групи на експресионизмот?
4. Кој беше фокусот на групата „Синиот јавач“ и кој ја предводеше?
5. Како овие групи влијаеле врз развојот на модерното европско сликарство?

# КУБИЗАМ

## Уметност на геометрија и на структура

### Главни карактеристики на кубизмот

**КЛУЧНИ ПОИМИ**
кубизам, геометриски форми, аналитички и синтетички кубизам, Пикасо, Брак, колаж и асамблаж

Кубизмот се разви во две насоки: **аналитички** и **синтетички** кубизам.
Аналитичкиот кубизам ги расклопува објектите на геометриски форми и ги прикажува од повеќе гледишта истовремено, со придушени бои и со нагласена структура.
Синтетичкиот кубизам воведува поедноставени форми, посветли бои и колажи со различни материјали, како хартија и весници, создавајќи нови и експериментални композиции.

### Главни претставници и дела на кубизмот

**Знаеш ли дека...**

Името „кубизам“ потекнува од критички коментар на францускиот уметнички критичар Луј Воксел кој забележал дека Пикасо ги прикажува предметите како кубови. Ова име го добило целото движење бидејќи кубистите користеле геометриски форми за да ги прикажат предметите од повеќе агли истовремено.

Главни претставници на аналитичкиот кубизам се **Пабло Пикасо** и **Жорж Брак**. Во делото „Госпоѓиците од Авињон“ Пикасо експериментира со геометриски форми и со повеќекратни перспективи, прикажувајќи фигури фронтално и со влијание од африканската уметност. Жорж Брак создава дела како „Виолина и свеќник“ со придушени бои и со сложени композиции. Подоцна, Пикасо и Брак развиваат синтетички кубизам со поедноставени форми, повеќе бои и колаж, како на пример во делото „Маж со шешир“ на Пикасо.
Во своето монументално дело „Герника“, Пикасо комбинира аналитички и синтетички кубистички форми со традиционални мотиви, прикажувајќи ги на нов, нереален начин. Оваа комбинација ја зајакнува политичката порака на сликата како моќен протест против бруталноста на војната и на тиранијата.
**Хуан Грис**, исто така, е значаен претставник на синтетичкиот кубизам.



Пабло Пикасо, „Госпоѓиците од Авињон“, 1907 год.



Маска од Регионот Етумби, Народна Република Конго



▲ Жорж Брак, „Виолина и свеќник“, 1910 год.



▲ Пабло Пикасо, „Маж со шешир“, 1912 год.



◄ Пабло Пикасо, „Герника“, 1937 год.

**Кубизмот во другите медиуми**

Кубизмот се пројавил не само во сликарството туку и во **скулптурата**, **графиката**, **колажот** и **асамблажот**, користејќи различни материјали за да создаде нови форми, структури и просторно истражување, отворајќи пат кон модерната уметност.

Во 1909 година **Пикасо** ја создал **првата кубистичка скулптура**, бронзена „Глава на жена“, со геометриски, а не со органски облици.

Во синтетичкиот кубизам се користеле колажи и асамблажи, тридимензионални композиции создадени од дрво, метал, хартија и од други предмети од секојдневниот живот. „Глава на бик“ на Пикасо е пример за асамблаж, создаден од велосипедски делови што формираат образ на бик.



Пабло Пикасо,
„Глава на жена“, 1909 год.



Пабло Пикасо, „Глава на бик“, 1943 год.

## АКТИВНОСТ

Поделете се во мали групи и изберете секојдневен предмет (на пример: музички инструмент, чаша, портрет или стол). Анализирајте го предметот и нацртајте го користејќи кубистички пристап, прикажувајќи го од повеќе агли истовремено со геометриски форми. По желба, вклучете колаж со хартија или со весници. На крај, секоја група накратко да го претстави своето дело и да објасни дали користела аналитички или синтетички кубизам.

По кубизмот, уметниците продолжија да истражуваат апстракција, движење и нови начини за прикажување на реалноста. **Футуризмот**, со претставникот **Умберто Бочиони**, се фокусираше на брзина, технологија и движење.

**Прашања**

1. Во кој период и во кој град се појавува кубизмот?
2. Како кубистите ги прикажуваат предметите и формите во своите дела?
3. Кои се двете главни насоки на кубизмот?
4. Кои уметници се главни претставници на кубизмот?
5. Наведи еден пример како кубизмот се појавува и во други медиуми освен сликарството.

# ЕКСПЕРИМЕНТИ ВО МОДЕРНАТА УМЕТНОСТ

Експериментите во модерната уметност покажуваат дека уметниците се оддалечуваат од реализмот. Тие користат апстракција, симболи, гестуална техника и оптички ефекти, ги истражуваат внатрешниот свет, свесното и потсвеста и отвораат пат кон современата визуелна уметност.

## ДАДАИЗАМ И НАДРЕАЛИЗАМ

**Историски и општествен контекст**

По Првата светска војна Европа беше потресена од насилство, политички кризи и социјални промени. Во таков контекст се појави дадаизмот, авангардно движење што ги критикуваше рационалното, традиционалното и општеството погодено од војната, користејќи апсурд, иронија и експерименти со различни медиуми. Во 1920-тите во Франција се разви надреализмот, инспириран од психоанализата на Фројд, со цел да прикаже свет на соништа, потсвест и ирационални импулси преку визуелни и преку литературни форми.

## ДАДАИЗАМ

**Уметност на апсурдот**

**Главни карактеристики на дадаизмот**

**Дадаизмот** користи апсурд, иронија и различни медиуми, како колажи, фотомонтажи, готови предмети (ready-mades), перформанси и поезија за да ги критикува рационалното, традиционалното и општеството погодено од војната.

**КЛУЧНИ ПОИМИ**
дадаизам, Дишан, Арп, Реј, апсурд, ирационалност, ready-made

### Главни претставници и дела на дадаизмот

Главни претставници на дадаизмот се **Марсел Дишан**, **Жан Арп** и **Ман Реј**.

Марсел Дишан е познат по готовите предмети (ready-mades), како „Фонтаната“ – писоар претставен како уметничко дело, со кои ја иронизира традиционалната уметност.

Жан Арп создавал апстрактни скулптури и колажи со органски форми, како делото „Танчарот“, со кои ги истражува случајноста и апсурдот.

Ман Реј работел експериментални фотографии, колажи и објекти, како на пример делото „Неуништливиот објект“, со кои ги нарушува класичните правила на уметноста и истражува нови визуелни ефекти и техники.




▲ Марсел Дишан, „Фонтаната“, 1917 год.



▲ Ман Реј, „Неуништливиот објект“, 1964 год.

▶ **Знаеш ли дека...**

Во „Кабаре Волтер“ во Цирих, во 1916 година, се роди дадаизмот. Основан од Хуго Бал и Еми Хенингс, тоа беше ноќен клуб и место за настапи каде што уметници и поети експериментираа со апсурдни изведби , звучна поезија и идеи против традиционалната уметност, директно предизвикувајќи ги конвенциите на општеството и на уметноста.

### АКТИВНОСТ

Изберете еден секојдневен предмет што ќе го претворите во дадаистичко уметничко дело. Може да ги промените обликот или положбата на предметот, да додадете апсурдни елементи, да користите колаж, цртеж или боја. По завршувањето, претставете го вашето дело пред класот и објаснете кои карактеристики на дадаизмот ги применивте.

**Прашања**

1. Кои се главните карактеристики на дадаизмот?
2. Кои уметници и медиуми се најпознати во дадаизмот?
3. По што е познат Марсел Дишан?

# НАДРЕАЛИЗАМ

**Уметност на соништата и на несвесното**

### Главни карактеристики на надреализмот

**Надреализмот** се обидува да ја ослободи потсвеста и да истражува соништа, фантазии и ирационални слики, предизвикувајќи ги реалноста и логиката.
Под влијание на Фројдовата психоанализа, уметниците применувале автоматско цртање и техники кои ги стимулираат интуицијата и случајноста за да создадат оригинални визуелни изрази.

**КЛУЧНИ ПОИМИ**
надреализам, Дали, Магрит, Ернст, Миро, соништа, фантазија, потсвест, автоматизам, Џакомети

### Главни претставници и дела на надреализмот

Главни претставници на надреализмот се **Салвадор Дали**, **Рене Магрит**, **Макс Ернст** и **Жоан Миро**. Надреалистичките дела често комбинираат реалистични детали со чудни и фантастични елементи, создавајќи соновен впечаток што ја замаглува границата меѓу имагинацијата и реалноста, како кај Дали и кај Магрит, или пак поекспресивно и апстрактно, како кај Миро и кај Ернст. Дали е познат по своите сликарски визии на соништа и на халуцинации, како во делото „Постојаноста на меморијата“, со препознатливите растопени часовници. Магрит создавал слики со јасни, реалистични форми, но со неочекувани и парадоксални комбинации, како „Предавството на сликите“. Ернст експериментирал со автоматизам, колаж и нови техники, а негови значајни дела се „Европа по дождот I, II “. Миро развил поетски и симболичен визуелен јазик со апстрактни форми и живи бои, видлив во делото „Карневалот на Арлекин“.



Салвадор Дали,
„Постојаноста на меморијата“,
1931 год.

**Знаеш ли дека...**

Автоматизам е уметничка техника и принцип, особено карактеристичен за надреализмот, при кој уметникот создава без свесна контрола и без планирање. Наместо рационално размислување, се дозволува раката спонтано да црта, да пишува или да обликува со цел да се изразат мисли, слики и чувства што доаѓаат од несвесното.




Рене Магрит, „Предавството на сликите“, 1929 год.

**Знаеш ли дека...**

Џорџо де Кирико е основач на метафизичкото сликарство, а неговите мистериозни и соновни сцени силно влијаеле врз надреалистите, особено врз Салвадор Дали и врз Рене Магрит, иако самиот не припаѓал на надреализмот.



Жоан Миро, „Карневалот на Арлекин“, 1924 - 1925 год.

Макс Ернст, „Европа по дождот II“, 1942 год.



## Надрелизмот во другите медиуми

Надреализмот не се ограничува само на сликарството, туку силно влијаел и врз скулптурата, фотографијата, филмот и графичкиот дизајн. Во **скулптурата**, уметници како **Алберто Џакомети** и **Макс Ернст** создавале соновни и симболични форми инспирирани од потсвеста. Надреалистичката фотографија, особено кај **Ман Реј**, користела техники како фотомонтажа и соларизација за создавање необични и ирационални слики.



▲ Макс Ернст,
„Кралот што си игра со кралицата“, 1944 год.



▲ Ман Реј,
„Виолина на Ингрес“, 1924 год.



◀ Алберто Џакомети,
„Голема стоечка жена IV“, 1960 год.

По надреализмот, надвор од Европа, **мексиканската уметност** продолжува да развива силни наративни и социјални теми. Уметниците како **Фрида Кало** и **Диего Ривера** создаваа дела што ги истражуваа културата, идентитетот и историјата на Мексико, често во форма на мурали и на фигуративни композиции. Ова движење претставува важна фаза пред појавата на апстрактната уметност кога фокусот се движи од наратив и фигуративност кон апстракција и експресивен визуелен израз.

### АКТИВНОСТ

Поделете се во групи од 3-4 ученици. Изберете едно надреалистичко дело од Дали, Магрит, Ернст или Миро и одговорете: Што прикажува? Кои делови се реални, а кои нереални? Како бојата и формите ја покажуваат фантазијата или соништата? Дали е користен автоматизам? Потоа споделете ги заклучоците со класот.

### Прашања

1. Што истражува надреализмот и кои теми се во центарот на ова уметничко движење?
2. Кои се главните претставници на надреализмот?
3. Што значи „автоматизам“ во надреалистичката уметност?
4. Наведи едно познато дело на надреализмот.

# АПСТРАКТНА УМЕТНОСТ

**Уметност на линии, форми и на бои**

**Историски и општествен контекст**

**КЛУЧНИ ПОИМИ**
апстрактна уметност, боја, линија, форма, Кандински, Мондријан, Бранкузи, Малевич, Мур, Баухаус

Апстрактната уметност се појавува на почетокот од 20 век како реакција на реалистичкото и импресионистичкото сликарство. Уметниците почнуваат да ги истражуваат бојата, формата и линијата како самостојни елементи, одделени од директното прикажување на природата. Оваа промена делумно е инспирирана од технолошките и од научните откритија, како и од желбата да се изрази внатрешниот свет на уметникот.

**Главни карактеристики на апстрактната уметност**

▶ **Знаеш ли дека...**

Џорџија О'Киф е значајна фигура во американската апстрактна уметност. Таа преку стилизирани мотиви од природата, како цвеќиња и пејзажи, создава апстрактни композиции и влијае врз развојот на апстрактниот експресионизам во САД.

**Апстрактната уметност** се карактеризира со отсуство на препознатливи предмети или фигури, со фокус на боја, линија, форма и на текстура.
Уметниците експериментираат со композиција и со простор користејќи ги визуелните елементи за да предизвикаат емоции и размислување кај гледачот.

**Главни претставници и дела на апстрактната уметност**

Главни претставници на апстрактната уметност се **Василиј Кандински** и **Пит Мондријан**. Кандински, често нарекуван татко на апстрактната уметност, во своето дело „Композиција VIII" користи линии, бои и форми за да изрази емоции без прикажување реални предмети. Мондријан, пионер на неопластицизмот, во делото „Композиција со црвена, сина и жолта" ја редуцира уметноста на геометриски форми и примарни бои, создавајќи хармонична и апстрактна композиција.
**Казимир Малевич**, основач на **супрематизмот**, во своето дело „Црн квадрат" претставува радикален облик на апстракција што ја истражува чистата визуелна форма и енергија, а неговите дела тежнеат кон апсолутна апстракција.
**Пол Кле** е поврзан со експресионизмот, кубизмот и со надреализмот, но најчесто се смета за значајна фигура на апстрактната уметност. Во делото „Бродови во мир" Кле прикажува бродови на вода преку апстрактни форми и бои, создавајќи мирна и ритмичка композиција што ги истражува визуелната перцепција и емоционалниот ефект.

**АКТИВНОСТ**

Создадете свој апстрактен постер инспириран од апстрактната уметност. Користете бои, линии и форми за да ја изразите вашата емоција или идеја, без да прикажувате реални предмети. Може да работите индивидуално или во групи. Дискутирајте како различните елементи – боја, линија и форма – создаваат чувство и влијаат врз гледачот.



Василиј Кандински,
„Композиција VIII“, 1923 год.



Пит Мондријан,
„Композиција со црвена, сина и жолта“,
1930 год.



Казимир Малевич,
„Црн квадрат“, 1915 год.



Пол Кле,
„Бродови во мир“, 1927 год.

## Апстрактната уметност во другите медиуми

Апстрактната уметност не се ограничува само на сликарството, туку влијае и врз другите визуелни уметности. Во **скулптурата**, **Константин Бранкузи** го создаде делото „Птица во вселена“ кое експериментира со форма и со волумен без реалистичен приказ, а **Хенри Мур** во својата скулптура „Лежечка фигура“ користи поедноставени апстрактни форми за да ја прикаже човечката фигура на нов, динамичен начин.

Во **графичкиот дизајн**, **Василиј Кандински** го реализира постерот „Постер за изложбата Баухаус“ при што користи линии и бои за апстрактна визуелна композиција. **Баухаус** е германска школа за уметност, дизајн и архитектура која честопати ја применува апстрактната естетика во визуелната уметност, архитектурата и во дизајнот. **Алфред Штиглиц** во серијата **фотографии** „Еквиваленти“ создава апстрактни композиции од облаци истражувајќи светлина и форма без конкретни предмети.

Василиј Кандински, „Постер за изложбата Баухаус“, 1923 год.




Константин Бранкузи, „Птица во вселена“, 1923 год.



Хенри Мур, „Лежечка фигура“, 1938 год





Алфред Штиглиц, пример од серијата фотографии „Еквиваленти“, 1925 - 1934 год.




Валтер Гропиус, „Зградата Баухаус во Десау“, 1925 - 1926 год.

**Прашања**

1. Што го инспирирало развојот на апстрактната уметност на почетокот од 20 век?
2. Кои се главните карактеристики на апстрактната уметност?
3. Кое дело на Василиј Кандински ја претставува неговата апстрактна уметност?
4. Како Пит Мондријан ги применувал бојата и формата во своите дела?
5. На кои други визуелни медиуми влијаела апстрактната уметност, покрај на сликарството?

# АПСТРАКТЕН ЕКСПРЕСИОНИЗАМ

**Уметност на емоции и на слободен израз**

**Историски и општествен контекст**

**Апстрактниот експресионизам** се појавува во САД по Втората светска војна, во време на големи општествени и културни промени. По војната многу европски уметници и интелектуалци емигрираат во САД што придонесува Њујорк да стане нов центар на современата уметност наместо Париз.

Под влијание на психоанализата и идеите на Карл Јунг, тие ги истражуваат потсвеста и личните емоции. Движењето означува раскин со европските уметнички традиции и го позиционира САД како нов центар на авангардната уметност во втората половина на 20 век.

**КЛУЧНИ ПОИМИ**

апстрактен експресионизам, гест, акциско сликарство, сликарство на полиња со боја, потсвест, експресија, голем формат, физички чин на сликање, Полок, Клајн, Ротко, Њуман

**Главни карактеристики на апстрактниот експресионизам**

Апстрактниот експресионизам се карактеризира со апстракција и со отсуство на препознатливи форми, при што уметниците користат спонтан и гестуален израз за да ги пренесат своите внатрешни емоции и психолошки состојби.

Процесот на создавање има подеднакво значење како и самото дело, а уметникот е физички вклучен во чинот на сликање. Под влијание на психоанализата и идеите на Карл Јунг, делата често ја истражуваат потсвеста.

Карактеристични се големите формати и нивното силно визуелно дејство. Движењето се развива во две главни насоки: **гестуално** и **акциско сликарство**, како и **сликарство со полиња на боја**, кое преку големи површини на боја предизвикува емоционална реакција кај публиката.

**Знаеш ли дека...**

Џексон Полок, еден од најпознатите апстрактни експресионисти, не користел традиционален сликарски стол, туку ги положувал платната на подот и сликал над нив истурајќи и прскајќи боја. Овој начин на работа ги истакнува физичката енергија и гестот како дел од самото дело.

## Главни претставници и дела на апстрактниот експресионизам



▲ Џексон Полок, „Одраз на Големата Мечка“, 1947 год.

Апстрактниот експресионизам, со уметници како **Џексон Полок**, **Франц Клајн**, **Вилем де Кунинг**, **Марк Ротко** и **Барнет Њуман**, беше првото значајно, американско, уметничко движење што стекна меѓународно признавање. Апстрактниот експресионизам опфаќа два главни пристапи: гестуално и акциско сликање кај Џексон Полок, Франц Клајн и Вилем де Кунинг, и ги истакнува динамиката и физичкиот чин на сликање, како и сликарството со полиња на боја кај Марк Ротко и Барнет Њуман, кое користи големи, рамни површини на боја за да предизвика емоционални и психолошки реакции кај публиката.

Во гестуалното и акциското сликарство, Џексон Полок ги создаде делата „Бр. 5, 1948“ и „Одраз на Големата Мечка“, Франц Клајн го наслика делото „Шеф“, а Вилем де Кунинг го реализира „Жена I“. Во сликарството со полиња на боја, Марк Ротко го наслика делото „Без наслов, 1961“, а Барнет Њуман го создаде „Херојски возвишен“.

Други значајни претставници на апстрактниот експресионизам се: **Аршиле Горки, Ли Краснер, Клифорд Стил** и **Ад Реинхардт**.



▲ Вилем де Кунинг, „Жена I“, 1950 - 1952 год.



▲ Марк Ротко, „Без наслов, 1961“, 1961 год.




▲ Франц Клајн, „Шеф“, 1950 год.



▶ Барнет Њуман, „Херојски и возвишен човек“, 1950 - 1951 год.

## Апстрактниот експресионизам во другите медиуми

Апстрактниот експресионизам не се ограничува само на сликарството, туку влијае и врз другите визуелни медиуми, особено врз **скулптурата**. Уметници како **Дејвид Смит**, **Александер Калдер** и **Исаму Ногучи** експериментираат со форма, материјали и со простор создавајќи органски, експресивни или кинетички објекти што ја продолжуваат естетиката на апстрактната уметност надвор од платното. **Минор Вајт** беше американски фотограф и еден од водечките претставници на **апстрактната и на модерната фотографија** во САД, познат по црно-белите фотографии со апстрактна композиција.



▲ Давид Смит,
„Куби VII“, 1963 год.



▲ Александар Калдер,
„Големо црвено“, 1959 год.



▲ Исаму Ногути,
„Курос“, 1944 - 1945 год.

### АКТИВНОСТ

Создадете своја сопствена скулптура инспирирана од апстрактниот експресионизам користејќи различни материјали – жица, хартија, дрво, глина или рециклирани предмети.
Експериментирајте со форми, облик, волумен и со простор обидувајќи се да ги изразите енергијата, движењето или емоцијата, без прикажување конкретни предмети. Потоа претставете ги вашите дела пред класот и дискутирајте како различните линии, текстури и композиции предизвикуваат чувство и влијаат врз перцепцијата на гледачот.

### Прашања

1. Во каков историски контекст се појавува апстрактниот експресионизам?
2. Кои се главните карактеристики на апстрактниот експресионизам?
3. Која е разликата меѓу гестуалното сликарство и сликарството на полиња со боја?
4. Каква улога имаат потсвеста и психоанализата во ова уметничко движење?
5. Како апстрактниот експресионизам влијае врз другите визуелни медиуми како што е скулптурата?

# ОП-АРТ

**Уметност на оптичките илузии**

**Историски и општествен контекст**

**КЛУЧНИ ПОИМИ**
оп-арт, оптичка илузија, геометриска апстракција, Васарели, Рајли, визуелна перцепција

**Оп-арт (Op Art)** е уметничко движење што се разви во 1960-тите и припаѓа на доцната модерна уметност, заедно со апстрактниот експресионизам, минимализмот и поп-артот. Тоа се заснова врз визуелна перцепција и врз оптички ефекти, а неговите принципи продолжуваат да влијаат врз современата уметност и врз подоцнежните стилови.

**Главни карактеристики на оп-арт**

**Знаеш ли дека...**

Оп-арт уметниците често ги инспирирала науката за оптика и визуелната перцепција користејќи математички и геометриски принципи за да предизвикаат „магични“ визуелни ефекти.

Терминот „оп“ е кратенка од „оптичко“ и укажува на фокусот на визуелната перцепција и начинот на кој окото го доживува делото. Оп-арт ги елиминира препознатливите објекти во корист на геометриската апстракција, при што искуството е целосно визуелно и зависи од перцепцијата на гледачот. Уметниците користат геометриски форми, линии и контрастни бои за да создадат оптички илузии на движење, вибрации или на длабочина.



Виктор Васарели, „Зебра“, 1980 год.

### Главни претставници и дела на оп-арт

Клучни претставници се **Виктор Васарели** и **Брицит Рајли**. Васарели, еден од основачите на движењето, создаде дела како „Зебра“ и „Вега“ каде што геометриските форми и линии создаваат впечаток на движење и вибрации. Брицит Рајли е позната по „Движење во квадрати“ и „Црно и бело“ каде што контрастните линии и форми ја активираат перцепцијата и создаваат чувство на ритам и на динамика. Оп-арт, со своите геометриски форми и визуелни ефекти, индиректно влијаеше и врз дизајнот, архитектурата и врз модата, пренесувајќи ја естетиката на оптичките илузии надвор од сликарството.



Брицит Рајли, „Движење во квадрати“, 1961 год.

**Прашања**

1. Што е оп-арт?
2. Кои облици и бои се користат во оп-арт?
3. Како оп-арт создава илузија на движење или на длабочина?
4. Кои уметници се најпознати за оп-арт?

**АКТИВНОСТ**

Создадете своја оп-арт композиција. Користете хартија и бои или дигитални алатки. Направете геометриска апстракција со линии, кругови и со квадрати користејќи контрастни бои. Целта е да создадете визуелна илузија на движење, вибрации или на длабочина. Кога ќе завршите, објаснете како вашето дело ја активира перцепцијата на гледачот.



Стефан Кнап,
Оп-арт во модерната архитектура како мозаик, слика изработена со емајл боја на челик, Универзитет во Торуњ, Полска, 1972 год.

# ПОСТМОДЕРНА И СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ

**Историски и општествен контекст**

**КЛУЧНИ ПОИМИ**
постмодернизам, современа уметност, неодада, поп-арт, Ворхол, Лихтенштајн, Олденбург, Хамилтон, масовна култура

Додека модерната уметност се оддалечува од општеството, постмодерната и современата уметност се обидуваат да се поврзат со социјалните и со политичките прашања.
**Постмодернизмот** се појавува кон крајот на 1950-тите и во 1960-тите како реакција против модернизмот користејќи иронија, комбинирајќи „висока“ и „масовна“ култура и мешајќи различни стилови и медиуми.
**Современата уметност** е поширок поим и ја вклучува уметноста што се создава денес. Современата уметност ги истражува границите на уметноста, користи веќе постоечки слики и објекти, експериментира со видео, перформанс и инсталации, а понекогаш ја критикува институционалната уметност. Сите овие експерименти ја прикажуваат комплексноста на современиот глобализиран свет.

**Знаеш ли дека...**

Енди Ворхол имаше студио наречено „Фабрика“ каде што создаваше дела и организираше забави; таму се собираа уметници, музичари и познати личности што го направи центар на креативноста и на поп-арт сцената во 1960-тите.

## ПОП-АРТ

**Уметност на масовната култура**

**Главни карактеристики на поп-арт**

Во доцните 1950-ти и во почетокот на 1960-тите, во САД и во Велика Британија се појавува реакција против апстрактниот експресионизам кој доминирал по Втората светска војна. Уметниците се свртуваат кон препознатливи слики од реалниот свет и кон визуелниот јазик на масовната култура, што води кон „враќање на предметот“ и кон фигурација.
Пред **поп-артот** се појавува **неодада** со уметници како **Роберт Раушенберг** и **Џаспер Џонс** кои користат готови објекти, секојдневни мотиви и иронија за да ги преиспитаат границите на уметноста. Поп-артот во 1960-тите се фокусира на масовната култура, реклами, стрипови, телевизија, филм и секојдневни предмети, бришејќи ги границите меѓу „високата“ и „масовната“ култура.




Рој Лихтенштајн, „Бум!“, 1963 год.

**АКТИВНОСТ**

Создај свое дело како стрип на Лихтенштајн. Избери сцена или ситуација од секојдневниот живот. Цртај во стилот на Рој Лихтенштајн: користи јасни контури, примарни бои и точки за да имитираш стрип-ефект. Додај дијалози во балони како што се користат во стриповите. Фокусирај се на експресивни емоции и на драматични моменти, слично како Лихтенштајн. На крај, објасни како твоето дело ја прикажува или ја критикува секојдневната култура или современиот живот.

## Главни претставници и дела на поп-арт

Меѓу најзначајните претставници на американскиот поп-арт се **Енди Ворхол**, познат по сериите „Конзерви супа Кампбел“ и портретите на познати личности, **Рој Лихтенштајн**, кој користи визуелен јазик од стриповите, како во „Бум!“, и **Клаес Олденбург**, кој создава скулптури инспирирани од секојдневни предмети, на пример „Стапче за облека“.

Во Велика Британија раните форми на поп-арт се поврзуваат со **Ричард Хамилтон** и **Едуардо Паолоци**. Хамилтон во делото „Што всушност ги прави домовите денес толку различни и привлечни?“ ги критикува потрошувачката култура и влијанието на медиумите врз секојдневниот живот.

Некои уметници го прикажуваат модерниот живот со иронија, додека други преку своите дела критикуваат материјализам и масовна потрошувачка, правејќи го движењето поп-арт сложен одраз на времето.



▲ Ричард Хамилтон, „Што всушност ги прави домовите денес толку различни и привлечни?“, 1956 год.



▲ Енди Ворхол, „Конзерви супа Кампбел“, 1962 год.



▲ Клаес Олденбург, „Стапче за облека“, 1976 год.

### АКТИВНОСТ

Анализирајте ги сериите на Енди Ворхол, како „Мерилин Монро“ и „Супи Кемпбел“. Обидете се да ги разберете боите, формите и повторувањето на мотивите. Потоа создадете своја верзија на слична серија користејќи портрет, современ симбол или предмет што ви е важен. Може да користите бои, маркери или дигитална алатка. На крај, објаснете зошто го избравте токму тој мотив и како вашиот избор ја одразува современата култура.

**Прашања**

1. Што е постмодерна уметност?
2. Како се разликува современата уметност од модерната?
3. Кои се главните карактеристики на поп-арт?
4. Кои уметници се поврзани со поп-арт?

# КОНЦЕПТУАЛНА УМЕТНОСТ

**Уметност на идеи**

### Главни карактеристики на концептуалната уметност

**КЛУЧНИ ПОИМИ**
концептуална уметност, идеја или концепт, текст, Косут, Левит, Вајнер

**Концептуалната уметност** се појавува во 1960-тите години и ја става во преден план идејата или концептот пред изгледот и материјалот на делото. Таа се развива како реакција против уметничките институции и комерцијализацијата на уметноста. Овој револуционерен пристап, развиен од уметници како Џозеф Косут, Сол Левит и Лоренс Вајнер, го пренасочува фокусот од визуелната форма кон интелектуалната содржина на делото, преиспитувајќи што е уметност и што може да биде. Концептуалните дела често вклучуваат текстови, дијаграми, инструкции или привремени изведби при што намерата на уметникот е поважна од готовото дело. Движењето ги поставува прашањата за авторството, комерцијализацијата и за природата на уметничкото дело.

### Главни претставници и дела на концептуалната уметност

**Знаеш ли дека...**

Сол Левит сметал дека идејата е поважна од самото дело, па оттука сметал дека другите може да го реализираат неговото уметничко дело според неговите инструкции.

Претставници на концептуалната уметност се **Џозеф Косут**, **Сол Левит** и **Лоренс Вајнер** кои ги поставија идејата и концептот пред материјалната форма на делото. Косут во своето дело „Еден стол и три столчиња“ ја истражува природата на уметноста преку објект на физички стол, фотографија од истиот стол и дефиниција на „стол“ напишана на табла. Левит создава цртежи и инструкции што ја нагласуваат важноста на идејата над изведбата, а Вајнер користи текст како уметничко дело давајќи му предност пред материјалниот објект. Заеднички, тие ја преиспитуваат традиционалната природа на уметничкото дело и го ставаат концептот во центарот на создавањето.



▲ Џозеф Косут, „Еден стол и три столчиња“, 1965 год.



chair (chãr), *n.* [OF. *chaiere* (F. *chaire*), < L. *cathedra*: see *cathedra*.] A seat with a back, and often arms, usually for one person; a seat of office or authority, or the office itself; the person occupying the seat or office, esp. the chair-man of a meeting; a sedan-chair; a chaise†; a metal block or clutch to support and secure a rail in a railroad.

▲ Текстот на ѕидот „Еден стол и три столчиња“

## АКТИВНОСТ

Изберете еден предмет од училницата, на пример, училишна клупа, книга или пенкало, и обидете се да го претставите на три различни начини.
Првиот начин е преку физички објект користејќи го предметот директно; вториот начин е преку слика или фотографија при што може да го нацртате или да го фотографирате; а третиот начин е преку текст или опис во кој ќе напишете што е предметот и што значи за вас.
Потоа претставете ја вашата композиција пред класот и објаснете зошто го избравте токму тој предмет и како текстот, сликата и физичкиот објект заедно ја покажуваат вашата идеја.

### Прашања

1. Што е концептуална уметност?
2. Зошто идејата е поважна од материјалот во оваа уметност?
3. Што прави Џозеф Косут во делото „Еден стол и три столчиња“?
4. Како Сол Левит ја користи идејата во своите цртежи и инструкции?
5. На кој начин Лоренс Вајнер користи текст наместо материјален објект?

# ФЛУКСУС И УМЕТНИЧКИ ПЕРФОРМАНС

**Уметност на процес и на настап**

### Главни карактеристики на флуксусот и на уметничкиот перформанс

**КЛУЧНИ ПОИМИ**
флуксус, процес, уметнички перформанс, минливост, интерактивност, Бојс, Абрамовиќ, Мачиунас, Оно, Аконки

**Флуксус** е авангардно движење што се појавува во 1960-тите години и ги поместува границите на уметноста преку перформанси, активности и интервенции.

Уметници како Џорџ Мачиунас, Џозеф Бојс и Јоко Оно го нагласуваат процесот на создавање пред готовото дело прифаќајќи спонтаност, хумор и случајност. Движењето е интердисциплинарно и ги разградува традиционалните граници меѓу уметникот и публиката.

**Уметничкиот перформанс**, исто така развиен во 1960-тите, го користи телото на уметникот како главен медиум и се фокусира на живи и минливи акции. Уметници како Марина Абрамовиќ, Вито Акончи и Кароли Шнеман го користат перформансот за директно отворање на социјални и на културни прашања, при што видеото и фотографијата се клучни за документирање на овие дела.



Џозеф Бојс ,
„Јас ја сакам Америка и Америка ме сака мене“, 1974 год.

## Главни претставници и дела на флуксусот и на уметничкиот перформанс

Некои од водечките уметници на флуксусот и на уметничкиот перформанс се **Џорџ Мачиунас**, **Џозеф Бојс**, **Јоко Оно**, **Марина Абрамовиќ** и **Вито Акончи**. Меѓу нивните најпознати дела се „Јас ја сакам Америка и Америка ме сака мене“ на Џозеф Бојс, каде што тој поминува три дена затворен во галерија со волк, истражувајќи симболика, однос кон природата и социјални прашања, и „Уметникот е присутен“ на Марина Абрамовиќ, долг временски перформанс во кој таа седеше молчаливо пред посетителите во Музејот МоМА, воспоставувајќи интензивна емотивна врска со публиката.



▲ Марина Абрамовиќ ,„Уметникот е присутен“, 2010 год.

### Прашања

1. Што е флуксус и кои се неговите главни карактеристики?
2. Што е уметнички перформанс и како се разликува од флуксусот?
3. Кои дела се најпознати кај Џозеф Бојс и кај Марина Абрамовиќ, и што ги прави посебни?
4. Како флуксусот и уметничкиот перформанс ја менуваат традиционалната улога на уметникот и на публиката?
5. Зошто видеото и фотографијата се важни за документирање на овие движења?

### Знаеш ли дека...

Џорџ Мачиунас често организирал уметнички настани “Happenings” каде што учесниците самите станувале дел од уметноста, што значи дека публиката била истовремено и уметник и дел од делото.

### Знаеш ли дека...

Марина Абрамовиќ во „Уметникот е присутен“ седела молчаливо по осум часа на ден пред посетителите, а многу луѓе плачеле или имале силна емоционална реакција само од контактот со нејзиното присуство иако немало дијалог.

### АКТИВНОСТ

Изберете една кратка реченица, збор или порака што сакате да ја искажете и создадете краток перформанс од 1–2 минути во кој ќе ги користите вашата телесна присутност и предметите што сте ги избрале. Изведете го пред класот, а потоа објаснете како вашето тело, предметите и текстот заедно ја пренесуваат пораката или емоцијата што сакате да ја искажете.

# ВИДЕОУМЕТНОСТ
**Уметност на слики во движење**

### Главни карактеристики на видео-уметноста

**КЛУЧНИ ПОИМИ**
видеоуметност, инсталација, време, интердисциплинарност, Паик, Виола, Рист

**Видеоуметноста**, развиена од уметници како Нам Џун Паик, Бил Виола и Пипилоти Рист, ги користи сликите во движење како главен медиум. Таа им овозможува на уметниците да истражуваат теми како што се време, идентитет, технологија и општествени промени.

### Главни претставници и дела на видеоуметноста

**Знаеш ли дека...**

Нам Џун Паик, кој често се смета за „татко на видеоуметноста“, уште во 1963 година го користел телевизорот како уметнички медиум. Со своите иновативни инсталации, Паик ја предвидел ерата на дигиталните медиуми и на интерактивните слики многу пред тие да станат дел од секојдневниот живот.

Некои од најзначајните дела на видеоуметноста се „Буда на телевизија“ на **Нам Џун Паик**, каде што статуа на Буда гледа во телевизиски екран истражувајќи ја врската меѓу технологијата и духовноста; „Пресек“ на **Бил Виола**, голема видеопроекција со човек потопен во вода и со огнени ефекти, која ги истражува човечката состојба и трансформацијата; и „Секогаш е над сè“ на **Пипилоти Рист**, видеоперформанс со жена која уништува стакло на автомобил користејќи игра со слики, звук и со возвишени пораки.



Нам Џун Паик, „Буда на телевизија“, 1974 год.



Бил Виола, „Пресек“, 1996 год.



Пипилоти Рист, „Секогаш е над сè“, 1997 год.

**АКТИВНОСТ**

Избери кратка идеја, емоција или порака и сними кратко видео (15 – 30 секунди) со мобилен телефон, користејќи објекти, твоето тело или просторот околу тебе. Додај звук, светлина или едноставни ефекти ако сакаш, а потоа претстави го видеото пред класот и објасни како движењето, звукот и визуелните елементи ја пренесуваат твојата порака.

**Прашања**

1. Кои се главните уметници на видеоуметноста?
2. Со што видеоуметноста се разликува од филмот?
3. Какви теми прикажуваат видеата на Паик, Виола и на Рист?
4. Како звукот и сликите влијаат врз гледачот?

# ДИГИТАЛНА И ИМЕРЗИВНА УМЕТНОСТ

**Уметност во ерата на машинската интелигенција**

**Главни карактеристики и претставници на дигиталната и на имерзивната уметност**

**Дигиталната уметност** се развива од средината на 1960-тите години и трае до денес користејќи ја дигиталната технологија и како креативна алатка и како уметнички медиум. Уметници како **Рефик Анадол**, **Џон Џерард** и **Луиза Клемент** создаваат дела што опфаќаат компјутерски генерирани слики, дигитални инсталации, виртуелна и проширена реалност, како и интерактивни медиуми. Овој правец истражува теми поврзани со технологијата, идентитетот и со односот меѓу физичкиот и виртуелниот свет, одразувајќи го влијанието на дигиталната ера врз современото општество.

**Имерзивната уметност**, која исто така се развива од средината на 1960-тите до денес, вклучува интерактивни искуства во кои гледачот станува дел од уметничкото дело. Уметници како **Јајои Кусама**, **Олафур Елиасон** и **Џејмс Тарел** создаваат простори што комбинираат светлина, звук и дигитални технологии, а понекогаш и мирис и тактилни елементи.

Имерзивната уметност не е секогаш дигитална. Таа може да биде и физичка, просторна, перформативна или сензорна, без употреба на компјутерска технологија.

**КЛУЧНИ ПОИМИ**
дигитална уметност, имерзивна уметност, виртуелна реалност (VR), проширена реалност (AR), интерактивни медиуми, видеопроекции, просторни инсталации, Анадол, Кусама

**Знаеш ли дека...**

Олафур Елиасон создава имерзивни инсталации со огледала што го зголемуваат просторот и создаваат илузија дека публиката е опкружена од бесконечни рефлексии. На овој начин, гледачите не само што ја гледаат уметноста, туку стануваат дел од неа.

**Познати дела на дигиталната и на имерзивната уметност**

„Машински халуцинации: сонувања на природата“ е дигитално дело на Рефик Анадол кое користи вештачка интелигенција за создавање имерзивни визуелни пејзажи од фотографии на природата. Делото ја истражува врската меѓу технологијата, човекот и природата прикажувајќи ефемерни визуелни пејзажи што ја одразуваат симбиозата меѓу човекот и машината во дигиталната ера.

„Соби со бесконечни огледала“ е имерзивна инсталација на Јајои Кусама каде што просторот е исполнет со бесконечни рефлексии и светлина, создавајќи чувство на бескрај и интерактивно искуство за публиката.

## АКТИВНОСТ

Гледајте го видеото „Art in the Age of Machine Intelligence | Refik Anadol“. По гледањето, размислете и дискутирајте во група за тоа како технологијата и вештачката интелигенција ги менуваат создавањето и доживувањето на уметноста.



Рефик Анадол , „Машински халуцинации: сонувања на природата“, 2021 год.



Јајои Кусама, „Соби со бесконечни огледала“, 2013 год.

**Прашања**

1. Што е дигитална уметност и кои медиуми ги користи?
2. Кои уметници се познати во дигиталната уметност?
3. Кои уметници се познати во имерзивната уметност?
4. Како гледачот учествува во имерзивните дела?
5. Дали имерзивната уметност секогаш е дигитална?

# ИНОВАЦИЈА И КОНТИНУИТЕТ: ДОПОЛНИТЕЛНИ УМЕТНИЧКИ ДВИЖЕЊА ОД КРАЈОТ НА 1960-ТИТЕ И ВО ТЕКОТ НА 1970-ТИТЕ

Кон крајот на 1960-тите и во текот на 1970-тите светот на уметноста продолжи да се трансформира. Се појавија нови правци кои ја спојуваа традицијата со иновацијата. Минимализмот, фотореализмот, арте повера, феминистичката уметност, ленд арт и уличната уметност (street art) ги истражуваа улогата на медиумот, просторот и општеството во создавањето уметничко дело. Истовремено, неоапстракцијата, неоекспресионизмот и новото европско сликарство ги истакнуваа експериментите со форма, боја и со израз отворајќи нови перспективи на глобално ниво. Овие движења ја истакнуваат комплексноста на 1970-тите како декада на истражување, социјални промени и дијалог меѓу минатото и иднината на уметноста.

Кога ја разгледуваме современата уметност, често немаме доволна историска дистанца. Колку е понов уметничкиот стил, толку повеќе време е потребно за да се процени вредноста на едно уметничко дело и дали тоа ќе опстои. Затоа, ова поглавје е најподложно на промени и на дополнувања.

**Минимализмот** ги нагласува едноставноста и користењето на основните геометриски форми. Главни претставници на минимализмот се **Доналд Џад, Френк Стела, Ден Флавин** и **Даниел Бурен**, кои создаваат дела со чисти линии и минимални визуелни елементи.

**Фотореализмот** се стреми да ја прикаже реалноста како фотографија. Уметници како **Чак Клоус, Ричард Естес** и **Одри Флак** прикажуваат секојдневни сцени и предмети со голема прецизност. Делата ги нагласуваат мајсторството и убавината на обичното.

**Арте повера (Arte Povera)** се појавува во Италија како критика на индустријализацијата и на потрошувачкото општество. **Микеланџело Пистолето, Јанис Кунелис** и **Марио Мерц** користат едноставни, секојдневни материјали за да ги преиспитаат поимите за уметничка вредност, трајност и за односот меѓу човекот и природата.

**КЛУЧНИ ПОИМИ**
иновација, континуитет, фотореализам, Клоус, арте повера, Кунелис, феминистичка уметност, Кругер, ленд арт, Смитсон, улична уметност, Бенкси, неоапстракција, Скали, неоекспресионизам, Баскијат, ново европско сликарство, Кифер, локални школи, Бејкон, Фројд, Емин, Хирст, трансформација



Доналд Џад, „Без наслов“, 1988 год.



Чак Клоус, „Голем автопортрет“, 1967 – 1968 год.



Микеланџело Пистолето, „Венера на парталите“, 1967 год.




Барбара Кругер, „Без наслов (Твоето тело е бојно поле)“, 1989 год.

**Феминистичката уметност** се појавува како одговор на родовата нееднаквост во уметноста и во општеството. Уметници како **Џуди Чикаго, Барбара Кругер** и **Синди Шерман** преку своите дела ги истражуваат темите на идентитетот, телото и улогата на жената во општеството.

**Ленд арт (Land Art/Earth Art)** го редефинира односот меѓу уметноста и природата. Уметници како **Роберт Смитсон, Ричард Лонг, Волтер де Марија, Ненси Холт, Кристо** и **Жан-Клод** создаваат големи, привремени архитектонски и пејзажни интервенции што ги истражуваат времето, екологијата и човечката креативност.



Роберт Смитсон, „Спиралниот насип“, 1970 год.

**Уличната уметност (Street Art)** вклучува мурали, графити и урбани интервенции што ги трансформираат јавните простори во платна за креативен израз. Уметници како **Бенкси, Кит Харинг** и **Џеј Ар** создаваат дела со социјална и со политичка порака предизвикувајќи ги традиционалните уметнички простори.

## АКТИВНОСТ

Поделете се во мали групи и создадете „уметничка мапа“ – временска линија со визуелни примери на уметнички правци од крајот на 1960-тите и од 1970-тите. Користете постери или дигитални апликации (на пр. Canva) за да ги прикажете уметниците и нивните дела. Потоа претставете ја мапата и објаснете како се поврзани различните правци и како ја спојуваат традицијата со иновацијата.




▲ Бенкси, „Малото девојче со балон“, 2002 год.

**Знаеш ли дека...**

Многу уметници, како Бенкси, почнале да работат анонимно така што јавноста ги открива нивната порака и стил без да знае кој ги создал делата.

**Неоапстракцијата** се појавува како реакција на минимализмот и на концептуалната уметност. Уметници како **Шон Скали, Георг Баселиц** и **Анзелм Кифер** истражуваат апстрактни композиции со лични и со социјални референци враќајќи ги експресивноста, бојата и формата во апстрактното сликарство.



▲ Шон Скали, „Спалната во Венеција“, 1988 год.

**Неоекспресионизмот** ги враќа емоцијата и енергијата во сликарството. Уметници како **Жан-Мишел Баскијат, Анзелм Кифер** и **Георг Баселиц** користат смели бои, енергични потези и драматични сцени за да пренесат лични, историски и културни теми спојувајќи традиција и современост.

**Новото европско сликарство** обединува апстракција и фигурација, често со интензивна боја и со експресивни форми. Сликари како **Гердхард Рихтер, Анзелм Кифер, Георг Баселиц, Лук Тујманс** и **Нео Раух** ја надградуваат апстракцијата со историски и со социјален контекст истражувајќи различни техники и влијанија од доцниот 20 век.




▲ Жан-Мишел Баскијат, „Cabeza“, 1982 год.



◄ Анзелм Кифер, „Редовите на ноќта“, 1996 год.



▲ Лусијан Фројд,
„Гол човек, поглед од грб“,
1991 – 1992 год.

Покрај големите меѓународни движења, се појавуваат и локални школи и групи. Некои уметници работеле и изложувале заедно, како **КОБРА** (Копенхаген – Брисел – Амстердам) со **Карел Апел** и **Пјер Алешински**. Други се поврзуваат поради сличен стил, како **Школата од Лондон** со **Френсис Бејкон** и **Лусијан Фројд**. Постојат и **Младите британски уметници** (Young British Artists), меѓу кои **Демиен Хирст** и **Трејси Емин**.

**Артивизмот** не е формално уметничко движење, туку современ пристап во уметноста што се користи за поттикнување размислување, дијалог и за влијание врз општеството. Уметници како **Ај Вејвеј, Бенкси, Џеј Ар, Таниа Бругера** и **Герила Грлс** ја истакнуваат улогата на уметноста како алатка за подигнување свест и за општествени промени.



▲ Френсис Бејкон, „Триптих август 1972“, 1972 год.



▲ Демиен Хирст,
„Физичката невозможност на смртта во умот на жив човек“, 1991 год.



▲ Трејси Емин,
„Мојот кревет“, 1998 год.

Денес постојат неколку „нео“ и „пост“ движења, како неоконцептуализам, постапстракција или неодада. Тие ја надградуваат идејата од историските движења, но не припаѓаат на таа историска ера. Овие движења не се привремени и не се меѓусебно исклучиви; тие коегзистираат и формираат континуитет во современата уметност.

Со влегувањето во 21 век се појавуваат нови стилови и начини на гледање на уметноста. Технологијата и медиумите создаваат идеи и стилови со голема брзина, а вкусот постојано се менува. Уметниците секогаш се привлечени кон нови форми, техники и концепти. Идните генерации ќе треба да ја препознаат трајната уметност од привремената.

Како заклучок, современата уметност не претставува едно уметничко движење, ниту еден единствен „-изам“, туку широк и континуиран период обележан со плурализам, глобализација и технолошки промени кои ги преиспитуваат традиционалните уметнички форми.

Уметноста е огледало на светот и на животот. Светот се менува, уметноста се менува, а историјата на уметноста продолжува да ги следи и да ги документира овие промени.

**Знаеш ли дека...**

„Физичката невозможност на смртта во умот на жив човек“ е провокативна инсталација на Демиен Хирст при што целосно потопена ајкула е поставена во формалдехид во голем стаклен аквариум. Целта е да ги предизвика гледачите да размислуваат за смртта, стравот и за човечката перцепција на животот.





Ај Вејвеј, „Семки од сончоглед“, 2010 год.

**Прашања**

1. Што значи иновација и континуитет во уметноста?
2. Кои движења се појавија кон крајот на 60-тите и во текот на 70-тите?
3. Каде се создава ленд арт?
4. Што е карактеристично за уличната уметност (street art)?
5. Наведи неколку познати уметници и нивни дела од локалните школи и групи од овој период.

# МОДЕРНАТА УМЕТНОСТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**КЛУЧНИ ПОИМИ**
модерна уметност, сакрална и световна уметност, фигурација, апстракција, енформел, постмодерна уметност



Димитар Пандилов Аврамовски, „Жетварки“, 1935 год.



Никола Мартиноски, „Во кафеана“, 1932 год.

Модерната уметност во Република Северна Македонија се развива подоцна од онаа во големите европски центри, но не како изолирана појава. Таа настанува како резултат на историските услови и на постепеното отворање кон европските уметнички влијанија. До почетокот на XX век, уметноста во Македонија, главно, е поврзана со иконописот и со фрескоживописот при што сликата има религиозна улога.

Промените започнуваат кога последните зографи, како **Димитар Андонов Папрадишки**, **Коста Вангелов – Вангеловиќ** и **Ѓорѓи Зографски**, почнуваат да прикажуваат простор, волумен и сцени од секојдневниот живот. Со тоа се отвора патот кон световното сликарство и кон уметноста како личен и креативен израз.

**Ран модернизам**

Првите модерни уметници во Македонија се академски образувани. Меѓу нив е **Димитар Пандилов Аврамовски**, а клучни автори на раната модерна се **Никола Мартиноски**, **Лазар Личеноски** и **Димо Тодоровски**.

Во сликарството се чувствуваат влијанија од импресионизмот и од експресионизмот. Личеноски создава дела со силна боја и со јасна форма, Мартиноски прикажува луѓе и сцени исполнети со силни емоции и со социјални теми, додека Пандилов слика поетични пејзажи и сцени од секојдневието.

Истовремено, Димо Тодоровски ја поставува основата на модерната скулптура во Република Северна Македонија користејќи поедноставени и изразни форми. Набргу потоа се појавува и **Борка Аврамова**, првата скулпторка во Македонија, која со својата изложба во 1954 година го збогатува модерниот израз во скулптурата.



Лазар Личеноски, „Капачки“, 1930 год.



Димо Тодоровски, „Јама“, 1956 год.

## По Втората светска војна

По Втората светска војна уметноста добива поголема поддршка и станува видлив дел од јавниот простор. Автори како **Томо Владимирски**, **Вангел Коџоман** и **Борко Лазески** создаваат дела поврзани со архитектурата и со јавните објекти. Уметноста станува поблиска до секојдневниот живот.

Во 1950-тите и во 1960-тите години се појавува нова генерација уметници, како што се **Димитар Кондовски**, **Миле Корубин** и **Петар Мазев**, како и скулпторите **Боро Митриќески** и **Петар Хаџи Бошков**. Нивните дела покажуваат поголема слобода и разновидност во стилот.

Од албанските уметници кои живееле и твореле во Македонија, од периодот по војната, секако, треба да се издвои сликарот **Адем Кастрати**, препознатлив по доминантно социјалните и по етнофолклорните мотиви.



Миле Корубин, „Портрет на Славко Јаневски“, 1955 год.



Вангел Коџоман, „Мотив од Прилепско I“, 1956 год.



Борко Лазески, „Ранет партизан“, 1954 год.



▲ Адем Кастрати,
„Оплакувањето на Реца“, 1978 год.



◀ Омер Калеши,
„Глава на јаже“, 2002 год.



▲ Петар Мазев,
„Композиција 12“, 1989 год.



▲ Димитар Кондовски,
„Есенско утро“, 1962 год.

**Зрела модерна (1950 – 1980)**

Во овој период уметниците сè повеќе експериментираат. Се формираат уметнички групи, како **ДЕНЕС** и **МУГРИ**, кои организираат заеднички изложби и ја доближуваат уметноста до обичната публика.

Се појавува и апстрактната уметност при што предметите не се прикажуваат директно, туку преку боја, линија и ритам. **Петар Мазев** и **Димитар Кондовски** создаваат силни и емоционални апстрактни дела.

Една важна појава е и енформелот, при што уметниците работат со груба материја и со силен потег. Кај **Родољуб Анастасов** и **Ордан Петлевски** делото не прикажува сцена, туку изразува чувство и внатрешна состојба.

Во 1970-тите години повторно се јавува фигурацијата, но на поинаков начин. Автори како **Танас Луловски**, **Родољуб Анастасов**, **Нове Франговски** и **Ана Темкова** ја користат човечката фигура како симбол, а не како реалистичен приказ. Во оваа група припаѓа и **Омер Калеши**, кој живеел и работел во Париз и е познат по своите експресивни портрети.

Паралелно се развива и уметноста заснована врз јасна геометрија и ред, особено кај **Душан Перчинков**, чии дела често се поврзани со архитектурата и со јавниот простор.

**Премин кон постмодерна и кон современа уметност**

До крајот на 1970-тите уметниците почнуваат да комбинираат различни пристапи и стилови. Ова води кон постмодерната уметност која не следи едно правило или еден стил.

Се појавуваат автори од новиот бран, како што се **Анета Светиева**, **Жанета Вангели**, **Јован Шумковски**, **Станко Павлески** и групата Зеро. Сè почесто се користат инсталации, акции во простор и перформанси.



▲ Душан Перчинков,
„Предел во жолто“ , 1971 год.



▲ Анета Светлиева,
„Капачка со нацртана рака“, 1987 год.



▲ Глигор Стефанов,
„Алегорија на светлината (Серафими и херувими)“, 1993 год.



▲ Шемов и Фидановски,
„Растркалано клопче“ , 1983 год.



▲Жанета Вангели,
Од циклусот „Постојаната желба за вечност“ , 1998 год.

## АКТИВНОСТ

Набљудувај репродукција од дело на Никола Мартиноски, Петар Мазев, Родољуб Анастасов и опиши дали делото е фигуративно или апстрактно, какви емоции пренесува, кои елементи (боја, форма, гест) се најизразени.
Заедно во група дискутирајте зошто уметниците во 1960-тите се оддалечуваат од предметниот приказ и дали апстрактната уметност може да пренесе силни пораки без фигура.



Мифтар Мемети, „100-годишнина од раѓањето на Мајка Тереза“, 2010 год.

Важен придонес во развојот на уметноста во Република Северна Македонија имаат и албанските уметници, меѓу кои се: **Мифтар Мемети**, чие творештво е поврзано со ликот на Мајка Тереза; **Невзат Бејтули – Кица**, познат по својата експресивна фигурација; **Нехат Беќири**, чии дела се движат од фигурација до апстрактни и симболични форми; како и **Решат Амети**, препознатлив по теми поврзани со традицијата и со духовноста.

**Знаеш ли дека...**

Модерната уметност во Република Северна Македонија се развива паралелно со југословенската и со европската модерна, а не изолирано. Првите модерни уметници од Македонија своето образование го стекнувале надвор од земјата.

Македонскиот енформел од 1960-тите е дел од поширок, европски, уметнички процес, но има сопствени специфики.

Дел од уметниците на РС Македонија, како Омер Калеши, живееле и работеле во европски културни центри, но останале тематски поврзани со својот културен контекст.



Невзат Бејтули - Кица, „Смиреност“, 2000 год.



Решат Амети, „Слободна композиција 11“, 2019 год.



Нехат Беќири, „Око“, 2009 год.

**Прашања**

1. Зошто модерната уметност во Република Северна Македонија се развива подоцна во однос на европските центри?
2. Каква улога имале последните зографи во преминот од сакрална кон модерна уметност?
3. По што се разликува апстракцијата од енформелот?
4. Зошто фигурацијата повторно се јавува во 1970-тите години?
5. Како се менува односот кон стилот со појавата на постмодерната уметност?

# СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

(од осамостојувањето до денес)

Современата уметност во Република Северна Македонија започнува во втората половина на 1990-тите години, по осамостојувањето на државата во 1991 година. Овој период е обележан со големи општествени и политички промени, како и со отворање кон светот. За разлика од претходните периоди, уметниците повеќе не работат во заеднички стил, туку секој автор избира сопствен начин на изразување.

Во современата уметност делото не мора да биде слика или скулптура. Уметниците користат различни форми, како инсталации, видео, фотографија, перформанс и работа во простор. Важно е што сакаат да кажат, а не само како изгледа делото.

**Нови медиуми и нови услови**

Голема улога во развојот на современата уметност има Соросовиот центар за современа уметност – Скопје, основан во 1993 година. Овој центар им овозможува на уметниците да експериментираат со нови медиуми и да бидат во чекор со светската уметничка сцена.

**Теми на современата уметност**

Современите уметници во РС Македонија најчесто се занимаваат со теми поврзани со:

- личниот и културниот идентитет
- сеќавањата и минатото
- телото и родот
- општествените и политичките промени
- односот меѓу локалното и светското

**КЛУЧНИ ПОИМИ**
современа уметност, нов медиум, инсталација, перформанс, идентитет, глобализација, архитектура, мозаик

**Знаеш ли дека...**

Современото уметничко дело не мора да биде трајно – може да постои само за време на една акција или изложба. Многу современи уметници од РС Македонија изложуваат и надвор од земјата.
Современата уметност често поставува прашања наместо да нуди готови одговори.

### Уметници и пристапи

Меѓу позначајните автори се: **Славица Јанешлиева**, која работи со различни медиуми и истражува лични и колективни спомени; **Оливер Мусовиќ**, кој преку перформанси и инсталации обработува општествени теми; **Роберт Јанкулоски**, кој ја користи фотографијата за истражување на просторот и на меморијата; **Моника Мотеска**, која создава поетични и чувствителни дела со видео и со инсталација; и многу други.

Важна улога имаат и **Јане Чаловски** и **Христина Ивановска** кои работат со архиви, текст и историја, поврзувајќи ја уметноста со јазикот и со минатото.

Покрај нив, современата сцена ја сочинуваат и други автори и групи, како што се **Игор Тошевски**, **Нада Прља**, **групата ОПА**, **Елпида Хаџи-Василева**, која работи дела со органски отпад, и многу други помлади уметници. Ова покажува дека современата уметност во Република Северна Македонија е разновидна и постојано се развива.

**АКТИВНОСТ**

Одбери едно дело на современ уметник од РС Македонија (фотографија, видео или инсталација). Обиди се да одговориш: За што зборува делото? Кој медиум е користен? Какво чувство предизвикува? Размисли и дискутирај: дали уметничкото дело мора да биде убаво за да биде значајно?

▼ Роберт Јанкулоски, „Си ју си ми - See you see me“, 1998 - 2001 год.





◀ Славица Јанешлиева, „Крик“, 2002 год.



▲ Моника Мотеска, „Ахилова петица“, 1998 год.



▲ Јане Чаловски, „Недисциплиновани“, 2021 год.

Христина Иваноска,
„Именување на мостот: Роса Плавева и Накие Бајрам“, 2006.




Игор Тошевски,
„Слободна територија“, 2004 - 2010 год.





Нада Прља, „Ѕид на мирот“, 2012 год.



Елпида Хаџи-Василева,
„Haruspex“, 2015 год.

## Современата уметност денес

Уметниците во РС Македонија денес активно учествуваат на меѓународни изложби, биеналиња и уметнички програми надвор од земјата.

Иако дел од нив живеат и работат во странство, тие често остануваат поврзани со контекстот и темите на нивната земја.

По 2000 година, современата уметност во Република Северна Македонија не може да се опише со еден стил или правец. Таа се одликува со слобода, експериментирање и критичко размислување, а уметноста сè почесто се користи како средство за дијалог и за поставување важни прашања за општеството.

### Прашања

1. По што се разликува современата уметност од модерната?
2. Кои медиуми најчесто ги користат современите уметници?
3. Кои теми најчесто се обработуваат во современата уметност во Република Северна Македонија?
4. Зошто современата уметност често предизвикува различни реакции кај публиката?
5. Како глобализацијата влијае врз работата на современите уметници?

## Архитектонски концепти и мозаична уметност во РС Македонија

Архитектурата во РС Македонија во 20 век се развива од раните урбани и репрезентативни градби во Скопје (рано модернистички и неокласични) – како Офицерскиот дом, Ристиќевата палата и објектот на Македонскиот народен театар, кои ги одразуваат доцноосманлискиот и меѓувоениот европски контекст, преку социјалистичкиот модернизам по Втората светска војна, до изразениот брутализам по земјотресот во 1963 година, кулминирајќи во постземјотресната реконструкција според планот „Мастер“ на **Кензо Танге** (со концептите „Градска порта“, Железничка станица и „Градски ѕид“), реализирана преку дела на **Георги Константиновски** (Студентскиот дом „Гоце Делчев“), **Јанко Константинов** (Главната пошта во Скопје) и **Борис Чипан** (објектот на МАНУ), како и **Живко Поповски** со тим архитекти и урбанисти (ГТЦ).



Кензо Танге – Урбанистички план за централното подрачје на Скопје („Градска порта“ и „Градски ѕид“), 1965 год.



Кензо Танге – Железничка станица, Скопје, 1965 – 1981 год.

**Знаеш ли дека...**

Кензо Танге е јапонски архитект кој го изработил урбанистичкиот план за обновата на Скопје по земјотресот во 1963 година. Неговиот модернистички план ја реорганизирал структурата на градот и имал големо влијание врз неговиот современ развој.



Јанко Константинов – Објектот на Македонска пошта, Скопје, 1974 – 1982 год.

Мозаикот во Македонија има долга традиција, од античките и од ранохристијанските мозаици во Хераклеја и во Стоби, до современите монументални мозаици во јавниот простор, јавните институции и културните објекти. **Глигор Чемерски** и **Газанфер Бајрам** се меѓу позначајните автори поврзани со современата мозаична и монументална уметност во Северна Македонија.



Глигор Чемерски – мозаик во Споменикот на слободата, Кочани, 1981 год.



Газанфер Бајрам, „Македонски Орфеј/Овчар воин“, 1999 год.

**Знаеш ли дека...**

Монументалниот мозаик на Глигор Чемерски, поставен како составен дел од Споменикот на слободата во Кочани, претставува експресивна визуелна композиција со динамични фигури, симболични форми и силен колористички ритам, преку кои се интерпретираат идеите за борба, слобода и колективна меморија во современата македонска споменичка уметност.



Споменик на слободата, Кочани



Собрание на Република Северна Македонија

**Прашања**

1. Кои се најважните стилови во архитектурата во Македонија во 20 век?
2. Што направил Кензо Танге за Скопје по земјотресот во 1963 година?
3. Кои се најпознати современи уметници на мозаик во Македонија?

# ТЕМА 2: ЛИКОВНО ИЗРАЗУВАЊЕ

Ликовниот свет има сопствен јазик, односно сопствено ликовно изразување. Ликовното изразување е процес на пренесување мисли, чувства и пораки преку визуелни форми и средства. Тоа се остварува преку цртеж, сликарство, графика, графички дизајн, скулптура, фотографија, дигитални медиуми, па дури и преку архитектура. Преку овие форми, уметниците и дизајнерите споделуваат идеи, кои понекогаш не можат да се изразат со зборови, користејќи ликовни елементи како линија, боја, форма, текстура и простор.

Уште од најраните времиња човекот се изразувал преку слики. Ликовното изразување, како една од најстарите форми на комуникација, им овозможило на луѓето да ги пренесат своите мисли и чувства преку визуелни траги, долго пред појавата на пишаниот збор.

Со текот на времето, уметниците откривале нови техники и материјали за да го унапредат своето творештво. Во современата уметност, овој развој продолжува преку експериментирање со нови медиуми, технологии и концепти.

Ликовното изразување се остварува преку комбинација на медиуми, алатки и техники. Медиум е материјалот што се користи за создавање на уметничкото дело, како молив, туш, боја, глина, метал или дигитални алатки. Техника е начинот на кој уметникот го обработува материјалот за да постигне одреден ефект, на пример, сенчење, слоевитост, резба, моделирање или печатење.

Без разлика колку напредуваат алатките и техниките, суштината на уметноста останува иста. Пештерското сликарство, создадено илјадници години порано, или современото дигитално дело денес имаат иста цел: да ги доловат и да ги изразат убавината, сложеноста и разновидноста на светот околу нас. Сѐ додека продолжуваме да создаваме и да ја цениме уметноста, ќе наоѓаме нови и иновативни начини за изразување.

Примената на различни медиуми и техники ги поттикнува експериментирањето и креативноста. Преку истражување материјали и техники, можеш да развиваш технички вештини, личен стил и визуелен јазик за изразување идеи и емоции, како и да препознаваш и да разликуваш различни техники во уметничките дела и во секојдневните визуелни изрази. Ликовното изразување останува моќен инструмент за креативност и за размислување, и во историјата и во современата уметност.

### Цели на темата

- Да истражуваш и да експериментираш со цртачки, сликарски и графички техники, како и со нивни комбинации.
- Да моделираш тридимензионални форми користејќи вајарски техники.
- Да препознаваш, да споредуваш и да анализираш различни ликовни техники во уметнички дела.
- Да создаваш сопствени дела со комбинирање на различни ликовни техники.
- Да развиваш технички вештини за работа со различни ликовни медиуми и алатки.
- Да развиваш креативен и експериментален пристап при избор и примена на техники.

# ЦРТАЧКИ ТЕХНИКИ

## Вовед

**КЛУЧНИ ПОИМИ**
линија, молив, моливи во боја, јаглен, туш со перце/дрвце/четка, фломастери, маркери, традиционални и неконвенционални цртачки материјали и техники, шрафура, илузија на волумен, пластичност, контурна линија, структурна линија, текстурна линија

**Цртањето** е една од најстарите и основните форми на визуелно изразување.
Од праисториските пештерски цртежи до современите дигитални дела, цртањето останува основа на сите визуелни уметности, вклучувајќи сликарство, скулптура, архитектура и дизајн.

Во најширока смисла, цртањето е создавање визуелни претстави со линии, траги и со тонови на одредена површина. Цртежот не е само техничко прикажување на реалноста; тој може да биде експресивен, симболичен, концептуален или експериментален. Често се користи за скицирање, истражување и за планирање, но може да постои и како самостојно уметничко дело.
Уметниците често комбинираат реалистички, симболички и експресивни начини на цртање при создавањето на своите композиции. Од дијаграми и шеми, преку мртва природа и илустрации, до фигуративни и апстрактни цртежи, тие можат да прикажат широк спектар теми и идеи.
Во историјата на уметноста, Леонардо да Винчи користел цртежи за научни и за анатомски истражувања. Во модерната и во современата уметност цртањето станува директен носител на емоција и на идеја, како кај Пабло Пикасо, Егон Шиле и Сај Твомбли.

▼ Леонардо да Винчи, „Витрувијанскиот човек“, околу 1490 год.





▲ Пикасо, „Глава на жена“, почеток на 1950-тите, дел од серијата „Војна и мир“



▲ Сај Твомбли, „Без наслов (Бахус)“, 2005 год.

## Цртачки алатки и материјали

Традиционалните цртачки материјали се темел на ликовното образование и сè уште широко се користат, како што се:

- графитни моливи (од тврди до меки)
- моливи во боја
- јаглен
- туш со перо, дрвце или со четка
- креда и конте
- различни видови хартија и платна

Овие материјали овозможуваат контрола на линијата, тонот и на текстурата. На пример, Рембрант користел туш и перо за создавање драматични контрасти, додека Албрехт Дирер создавал исклучително прецизни цртежи со фина линија.



▲ Рембрант ван Рајн, „Натан укорувајќи го Давид“, 1650 – 1655 год.



▲ Албрехт Дирер, „Студии на левата рака на уметникот“, 1493 – 1494 (детал)

## Современи и неконвенционални материјали

Со развојот на современата уметност, уметниците експериментираат со нови материјали и медиуми:

- фломастери и маркери
- колаж и пронајдени материјали
- индустриски материјали
- дигитални алатки (графички таблети, софтвер)
- цртање на ѕидови, подови или на јавен простор

Современите уметници, како Вилијам Кентриџ, комбинираат класично цртање со анимација покажувајќи дека цртањето е жив и променлив медиум кој постојано се развива и се приспособува кон новите техники и технологии.



Вилијам Кентриџ, „Цртеж од стереоскоп“, 1998 – 1999 год.

## Цртачки техники

Цртачките техники опфаќаат различни начини за создавање цртеж преку линија, тон и текстура, во зависност од целта, материјалот и од изразот на уметникот. Тие овозможуваат создавање структура, движење и визуелен израз.
Меѓу техниките се вбројуваат: линеарно и контурно цртање, сенчење, експресивно цртање, како и користење комбинирани медиуми за истакнување на форма, текстура, волумен и атмосфера.

**Знаеш ли дека...**

Линијата во калиграфијата има исто толку големо значење како и во цртежот. Со дебелина, насока и со форма на линиите, калиграфот може да пренесе ритам, движење и емоција, слично како што уметникот го користи цртежот за да создаде волумен, текстура или динамика.

## Линија и контурен цртеж

Линијата е основниот визуелен елемент на цртежот. Таа може да биде контурна, структурна, текстурна или експресивна и преку неа се изразуваат форма, движење и емоција.
Со линии се дефинираат формите, контурите и структурата на објектот, без употреба на тон или на сенка. Контурниот цртеж, обично, е линеарен.
Постојат различни видови контурно цртање, како слеп контурен цртеж или континуирана линија. Многу современи уметници создале силни визуелни дела користејќи минимална, но сигурна линија.



Елсворт Кели, „Јаболка“, 1949 год.



Сузан Ротенберг, „САД“, 1975 год.

## Сенчење и тонски цртеж

Сенчењето се користи за прикажување светлина и сенка, со што се создава илузија на длабочина и на волумен. Тонскиот цртеж се заснова врз градации на тон од светло кон темно.
Најчести техники на сенчење се:

- **Шрафура и вкрстена шрафура** – техника за градење тон преку паралелни или преку вкрстени линии. Густината и насоката на линиите го определуваат интензитетот на сенката.

**АКТИВНОСТ**

Направете контурна студија: изберете секојдневен предмет и нацртајте го со континуирана линија, без да го кренете моливот од хартијата. Фокусирајте се на формата и на контурите на објектот. Потоа направете тонски експеримент користејќи јаглен или молив: создадете тонска скала од најсветло до најтемно и применете ја во цртеж на сфера за да истражите како светлината и сенката создаваат волумен.



▲ Шрафура



▲ Вкрстена шрафура

Делото „Бодлер“ од Жак Вилон ја илустрира употребата на шрафура и на вкрстена шрафура за создавање различни тонски вредности. Линиите се користат за градење волумен, длабочина и контраст, што го прави цртежот визуелно богат и прецизен.

- **Поинтилизам** – техника каде што формите, волуменот и тонските вредности се создаваат со помош на мали точки наместо со непрекинати линии или сенчење со шрафура. Цртежот „Херој“ е хиперреалистичен пример за поинтилизам, изработен од милиони ситни точки нанесени со пенкало. Преку густината и распоредот на точките, уметникот постигнува јасни тонски премини од светло кон темно, создавајќи силен впечаток на волумен, длабочина и реализам. Ова дело е еден од најпознатите современи примери за поинтилизам и јасно покажува како линијата и точката можат да создадат комплексна визуелна форма.



▲ Жак Вилон, „Бодлер“, 1920 год.







▲ Мигел Ендара, „Херој“, 2011 год.

- **Меко прелевање на тон** – техника на постепено преминување од темно кон светло или од една боја во друга, без остри контрасти или линии.

**Текстура, волумен и пластичност во цртежот**

Во цртежот, текстурата се однесува на визуелниот или на тактилниот впечаток на површината на прикажаниот објект. Таа може да биде реална или визуелно сугерирана преку линии, точки, шрафура и тонски прелевања, со што се создава впечаток на мазност, грубост, мекост или на цврстина.
Волуменот и пластичноста создаваат илузија на тридимензионалност на формата во рамките на дводимензионална површина. Во цртежот овие ефекти се постигнуваат преку различни цртачки техники:

- светлина и сенка – преку тонско моделирање, шрафура, вкрстена шрафура или преку меко прелевање на тон,
- насока и густина на линијата – линиите можат да следат форма (контурна шрафура) или да ја создадат текстурата на површината,
- контраст и преклопување – јасни контрасти меѓу светлото и темното или преклопување на линии и на слоеви кои создаваат впечаток на длабочина и на облик.

На пример, Мур ја прикажува формата на глава на овца со линии и со тонска обработка, создавајќи волумен и тридимензионалност. Линиите ја следат формата на овцата и ја прикажуваат структурата на волната. Во современата уметност формата често се поедноставува или се деформира за изразни цели, при што линијата се користи како основен изразен елемент.
Во сликата/колажот „Коло на сликите“, Жан Дибифе користи различни линии за да создаде различни текстури.



Жан Дибифе, „Коло на сликите“, 1977 год.

**Експресивни и експериментални техники**

Експресивното цртање ги нагласува емоционалниот и личниот гест наместо точноста. Егон Шиле користел искривени линии за да ги прикаже внатрешната напнатост и субјективната визуелна изразност.

Експерименталното цртање вклучува мешани медиуми, големи формати, концептуални пристапи и перформативни процеси. Сол Левит го проширува цртежот во концептуален систем, додека современите уметници, како Џули Мехрету, комбинираат архитектонски и апстрактни елементи покажувајќи дека цртежот може да биде динамичен и иновативен медиум.



Егон Шиле,
„Автопортрет како св. Себастијан“, 1914 год.



Џули Мехрету, „Емпириска конструкција“, 2003 год.

**Прашања**

1. Зошто цртањето се смета за основа на визуелните уметности?
2. Која е разликата меѓу контурен и тонски цртеж?
3. Кои се најчестите техники на сенчење во цртањето и како се користат за создавање длабочина и волумен?
4. Како изборот на материјал влијае врз изразот на цртежот?
5. На кој начин современите уметници ги прошируваат границите на цртањето?

# СЛИКАРСКИ ТЕХНИКИ

**Вовед**

**КЛУЧНИ ПОИМИ**
сликарски техники и постапки, пигмент, масло, акрил, акварел, гваш, темпера, пастел, микс медиуми, дигитално сликарство, влажна и сува техника, лазура, транспарентност

**Сликарството** е форма на визуелна уметност каде што уметникот користи бои и други материјали за да создаде слики на одредена површина, како што се платно, хартија, дрво или јавен простор. Тоа овозможува експресивно, симболично, реалистично или апстрактно прикажување на светот и на идеите на уметникот. Сликарството е основен начин на визуелен израз, кој овозможува истражување на боја, форма, светлина и на простор, и служи како самостојно уметничко дело или како основа за други визуелни уметности.

**Сликарски алатки и материјали**

**АКТИВНОСТ**
Поделете се во групи и изберете дали ќе работите на влажна или на сува подлога. Нацртајте цртеж со молив користејќи контура, сенчење и шрафура за создавање волумен. Сликајте на влажна подлога со акварел или со гваш, за меки премини и транспарентни ефекти, или на сува подлога создадете урбана сцена со туш. Можете да изработите и апстрактна композиција со акрилни или со темперни бои користејќи различни алатки за текстура и слоеви.

Сликарите користат различни традиционални и современи материјали и алатки:

- **традиционални материјали**: маслени, акварелни, темперни и акрилни бои; пастел и креда; туш и мастило; платно, хартија и дрвена табла,
- **алатки**: четки со различни форми и големини, палети за мешање бои, шпатули и ножици за боја, спонжи за текстура, дигитални таблети и стилуси,
- **современи и експериментални материјали**: колаж и пронајдени материјали, индустриски и рециклирани материјали, мешани медиуми и дигитални техники.

**Сликарски техники**

Сликарските техники се начини на кои уметникот ја нанесува бојата за да создаде форма, волумен и текстура. Тие помагаат да се прикажат светло, сенка и различни ефекти во сликата.
Сликарската боја се состои од три основни елементи: **пигмент**, кој дава боја и нијанса; **сврзувач**, кој ја држи бојата заедно и ја лепи за површината; и **растворувач**, кој ја разредува бојата и овозможува полесно нанесување.
Различните комбинации на овие елементи создаваат различни видови бои и ефекти, на пример, маслена боја, акрил, темпера или акварел.

Техники на сликарството се:

- **Маслено сликарство** – техника каде што бојата се меша со масло (најчесто ленено) и се нанесува на платно, дрво или на друга површина. Со оваа техника може да се добијат слоеви на боја, волумен и постепено прелевање на тонови затоа што маслото овозможува долго сушење и лесно мешање на боите. Се користи за реализам, светло – сенка и длабочина.

- **Акрилно сликарство** – сликарска техника во која се користи боја направена од пигмент и акрилен сврзувач и најчесто се разредува со вода. Се суши брзо, овозможува лесно нанесување во слоеви и може да се користи и провидно и непровидно, што ја прави погодна за експериментирање со текстура, боја и со форма.

**Знаеш ли дека...**

Во историјата на уметноста, Леонардо да Винчи ја развил техниката на меко, постепено прелевање на тонови и на бои, без остри контури, позната како сфумато, додека Караваџо користел силни светлосни контрасти, техника позната како тенебризам.





Дејвид Хокни, „Поголемо прскање“, 1967 год.

Леонардо да Винчи, „Мона Лиза“, 1503 – 1519 год.

- **Акварел** – сликарска техника во која бојата се разредува со вода и се нанесува најчесто на хартија. Карактеристична е по провидните слоеви, светлите тонови и меките прелевања, со што се создава впечаток на леснотија и на светлина.



Пол Кле, „Црни колони во пејзаж“, 1919 год.

- **Темпера** – сликарска техника во која пигментот се меша со сврзувач на база на вода и јајце. Се нанесува во тенки слоеви и овозможува чисти бои, прецизни форми и фини детали поради што често се користела во средновековното сликарство и во иконописот.



Сандро Ботичели, „Раѓањето на Венера“, околу 1484 – 1486 год.

- **Фреска** – сликарска техника при која бојата се нанесува на влажен малтер. Пигментите се впиваат во ѕидната површина што ја прави сликата долготрајна и отпорна, па затоа фреската најчесто се користи за ѕидно сликарство и за мурали.



Микеланџело, „Сотворението на Адам“, околу 1508 – 1512 год.



▲ Антички погребен портрет со техника на енкаустик, Музеј на уметноста „Метрополитен“

- **Енкаустик** – сликарска техника во која пигментот се меша со загреан пчелин восок и се нанесува на површината додека е топол. Овозможува богата текстура, длабочина и светкав ефект, а бојата е трајна и отпорна со текот на времето.
- **Гваш** – сликарска техника во која бојата се разредува со вода, но за разлика од акварелот е непроѕирна. Овозможува интензивни, мат бои и рамни површини, па често се користи за илустрација, дизајн и за студиски скици.
- **Пастел** – сликарска техника во која бојата е во форма на стапчиња од пигмент и сврзувач. Се нанесува директно на хартија и овозможува интензивни тонови, меки прелевања и богата текстура. Може да биде сув пастел или маслен пастел и се користи за експресивни и живописни ефекти.
- **Микс медиуми** – сликарска и ликовна техника во која се комбинираат повеќе различни материјали и техники. Оваа техника овозможува експериментирање со текстура, форма и со израз и често се користи во современата уметност.



▲ Анри Матис, „Жената со шапка“, 1905 год.



▲ Алберто Бури, „Голема вреќа“, 1952 год.



▲ Едгар Дега, „Балет/Ѕвездата/Танчарка на сцената“, 1876 – 1877 год.

- **Дигитално сликарство** – техника при која сликата се создава со компјутер, таблет или со дигитален софтвер. Овозможува лесно мешање на бои, слоеви и ефекти, брзо исправување грешки и експериментирање со различни стилови и текстури.



Дејвид Хокни, „Пристигнување на пролетта во Волдгејт, Источен Јоркшир, 2011 год.

**АКТИВНОСТ**

Истражете преку интернет репрезентативни уметнички дела од различни епохи и уметнички движења. Анализирајте кои техники ги користеле уметниците и индивидуално одговорете на прашања поврзани со техничките карактеристики на избраните дела.

### Сликарски постапки

Сликарските постапки се различни начини на нанесување и обработка на бојата за создавање форма, волумен и ефекти, како:

- **влажна техника** – бојата се нанесува на уште влажна површина овозможувајќи мешање и прелевање на тонови,
- **сува техника** – речиси суво нанесување на бојата за добивање текстурирани ефекти и детали,
- **лазура** – тенки, провидни слоеви нанесени врз исушена боја за длабочина и за светлосни ефекти,
- **транспарентност** – користење провидна боја за да се види слојот под неа, создавајќи светлосни и воздушни ефекти,
- **слоевито нанесување** – градење на бојата во повеќе слоеви за поголема длабочина, волумен и текстура.

Овие постапки можат да се комбинираат за да се добијат различни визуелни ефекти и изразност во сликата.

**Прашања**

1. Кои се трите основни елементи на сликарската боја?
2. Што е маслено, а што акрилно сликарство?
3. Која е разликата меѓу акварел и гваш?
4. Кои техники се користат за волумен и текстура во сликата?
5. Што е сфумато, а што е тенебризам?

# ГРАФИЧКИ ТЕХНИКИ

**Вовед**

**Графиката** е форма на визуелна уметност во која уметникот создава дела преку отпечатоци од претходно подготвена површина. Оваа техника овозможува изработка на повеќе примероци од едно оригинално дело, при што секој отпечаток се смета за оригинал. Графиката се користи за уметнички, илустративни и за декоративни цели, а најчесто се работи на хартија или на ткаенина користејќи различни методи, како што се дрворез, бакрорез, литографија или серигрaфија.

**КЛУЧНИ ПОИМИ**
графички техники, висок и длабок печат, литографија, монотипија, серигрaфија, колаграфија, дигитален печат, скица, матрица, тираж, отпечаток

**Графички алатки и материјали**

**Алатки:**

- Рачни алатки: длето, гравер, игла за бакарна или за метална плоча, алатки за линорез
- Четки и валјаци за нанесување мастило
- Спонжи и сунѓери за создавање текстури и за сенчење
- Рачни и дигитални инструменти за литографија и за дигитална графика

**Материјали:**

- Хартија (различна густина и текстура)
- Мастило за графика (црно, колор, водоотпорно)
- Плочи за печатење (дрво, метал, камен, пластика, линолеум)
- Хемиски агент за длабок печат
- Пигменти и боја за серигрaфија
- Дигитални таблети и софтвер за компјутерска графика

Овие алатки и материјали овозможуваат контрола на линија, текстура, тон и повторливост во графичкото дело.

**АКТИВНОСТ**

Поделете се во групи или работете индивидуално и создадете творба по сопствена замисла, комбинирајќи најмалку две ликовни техники по избор – на пример, цртеж со туш и колаж, акварел и молив, монотипија и сликање. Експериментирајте со материјали и со текстури, истражувајте бои и форми, и на крај претставете ја својата творба пред групата, објаснувајќи ги изборот на техники и концептот на делото.

**Графички техники**

Графичките техники на печатење се методи со кои се создаваат уметнички отпечатоци од претходно подготвена површина, најчесто на хартија или на друг материјал. Секоја техника овозможува различен визуелен ефект и начин на изразување.

**Основни термини во графиката се:**

- скица – прелиминарен цртеж или идеја за графичко дело
- матрица – плоча или површина од која се прават отпечатоци
- отпечаток – копија на сликата пренесена од матрицата на хартија или на друг материјал
- графичка серија/тираж – група отпечатоци направени од иста матрица
- позитив/негатив – начин на прикажување на мастилото; позитив е делот со боја, негатив е празниот дел

Основните графички техники се: висок печат (релјефен печат), длабок печат (интаглио), рамен печат (литографија), пропустлив печат (сериграфија), монотипија (единичен отпечаток), колаграфија (печатење од плоча со прикачени материјали) и дигитален печат (со компјутер или со дигитален софтвер).

- **Релјефен печат** – бојата се нанесува на издигнати делови од плочата кои го пренесуваат отпечатокот на хартија. Најчесто се користат дрворез и линорез; отпечатокот на прсти е пример за оваа техника.



▲ Албрехт Дирер, „Меланхолија I“, 1514 год.



▲ Кацуика Хокусаи, „Големиот бран кај Канагава“, 1831 год.

- **Интаглио** – цртежот се гравира или се врежува во плочата. Бојата се собира во издлабени линии или површини на плочата, а отпечатокот се добива со притисок. Примери: бакрорез, офорт, сува игла и акватинта. Плочата, обично, е бакарна, од цинк или од друг метал. Овозможува богат тон, длабочина и прецизни линии.




▲ Теофил Стејнлен,
„Црниот мачор“, 1896 год.



▲ Енди Ворхол, „Диптих Мерилин“, 1962 год.

- **Литографија** – сликата се црта на рамна камена или метална површина, а бојата се пренесува само на цртежот. Овозможува прецизни линии, тонски ефекти, динамични текстури и повторливо печатење.
- **Сериграфија** – бојата поминува низ платнено или метално сито на избрани делови создавајќи отпечаток. Овозможува јасни бои, повторливи отпечатоци и работа со големи површини. Често се користи во поп-арт делата на Енди Ворхол.
- **Монотипија** – единичен отпечаток создаден со пренесување боја од плоча на хартија; секој отпечаток е уникатен и се пренесува на хартија со притисок. Овозможува слободни, експресивни линии, богат тон и уникатни текстури.

▶ **Знаеш ли дека...**

Графиките со тираж се потпишуваат на стандарден начин за да се означат авторството и редниот број на отпечатокот. Потписот на авторот и годината, обично, се ставаат десно подолу, а редниот број од серијата (тиражот) се става лево подолу, на пример „3/50“, што значи трет отпечаток од вкупно 50. Оваа практика овозможува секој отпечаток да се смета за оригинал и да се идентификува неговото место во тиражот.



▲ Едгар Дега, „Три балерини“, 1878 год.

- **Колаграфија** – печатење од плоча со прикачени материјали кои создаваат релјеф и текстура.
- **Дигитален печат** – користење компјутер или дигитален софтвер за создавање и за печатење графички отпечатоци.



▲ Вејд Гајтон, „Серија X“, од 2005 год.



▲ Мари Френч,
„Месечина на жетвата“, 2011 год.

Овие техники се користат во уметничката графика, дизајнот и во илустрацијата и овозможуваат контрола врз линија, тон, текстура и повторливост на делата.

**Прашања**

1. Кои се основните графички техники?
2. Која е разликата меѓу висок и длабок печат?
3. Кои материјали се користат за литографија?
4. Што е монотипија и како се разликува од другите техники?
5. Какви ефекти овозможува сериграфијата?
6. Што значи графичка серија или тираж?

# ВАЈАРСКИ ТЕХНИКИ

**Вовед**

**Вајарството** е форма на визуелна уметност во која уметникот создава тридимензионални дела, односно скулптури користејќи различни материјали, како камен, дрво, метал, глина, како и современи материјали – смола и пластика.
Вајарските дела можат да бидат слободно стоечки, кои стојат самостојно во просторот, како „Мислителот“ на Роден.
Релјефните скулптури се издвојуваат од заднината и се делат на низок, среден или висок релјеф, при што фигурите или мотивите се видливи од еден агол или создаваат впечаток на длабочина.
Монументалните скулптури се големи јавни дела, како „Статуата на слободата“, додека минијатурните скулптури или бисти претставуваат портрети или декоративни композиции.
Современото вајарство често користи инсталации и експериментални материјали, интегрирајќи ја скулптурата со просторот и со современите концепти, како што се делата на Џеф Кунс.
Вајарството има цел да изрази форма, волумен, движење, текстура и емоција во тридимензионален простор.

**КЛУЧНИ ПОИМИ**
вајарство, вајарски алатки и материјали, скулптура, релјеф, монументална скулптура, биста, волумен и маса, моделирање, резба, лиење, склопување, статичност, кинетика, интервенција во просторот

**Вајарски алатки и материјали**

Вајарството користи различни традиционални и современи алатки и материјали за создавање тридимензионални форми.
Традиционалните алатки вклучуваат: длето, чекан, игла и шпатула, додека современите опфаќаат електрични и дигитални алати, како и 3D-технологии.
Како материјали се користат: камен, дрво, глина, бронза и гипс, но и современи материјали како пластика, смола, силикон и дигитални 3D-модели, што овозможува поголема слобода во изразот и експериментирање со форма и со текстура.

**Знаеш ли дека...**

Константин Бранкузи, познат романски вајар, често користел техника на стилизација и на поедноставување на формите така што сложените објекти ги претворал во чисти, минималистички линии и волумен, создавајќи скулптури кои делуваат апсолутно современо и денес.

**Вајарски техники**

Вајарските техники се начини на создавање и обликување скулптури во тридимензионален простор. Најчести техники се:

- **моделирање**, при што формата се гради со **додавање** материјал како глина или восок;
- **резба**, при што формата се создава со **одземање** материјал, најчесто камен или дрво;



▲ Огист Роден, „Мислителот“, 1904 год. (Претставува моделирана форма која подоцна е излеана во бронза.)



▲ Микеланџело, „Давид“, 1501 – 1504 год. (Претставува форма создадена со одземање материјал.)



▲ „Нике од Самотракија“, античка грчка скулптура

- **лиење**, при што течен материјал се истура во калап (бронза, гипс, смола);
- **склопување** (монтажа), при што различни материјали се комбинираат во една скулпторска целина.

### АКТИВНОСТ

Моделирајте апстрактна скулптура од глина, инспирирана од органските форми на Хенри Мур или на Константин Бранкузи. Фокусирајте се на стилизација, едноставни форми, волумен и маса. Потоа дискутирајте во групата за изборот на форми, површини и ефектот на волуменот и на масата во вашите дела.



▲ Анзелм Кифер, „Јазикот на птиците“, 2014 год.

Овие техники овозможуваат создавање волумен, маса, текстура, движење и израз во вајарството. Скулптурите можат да бидат **статични**, кога делото е мирно и фиксирано во просторот, или да покажуваат **динамичност** и **мобилност**, кога формите создаваат впечаток на движење. Кинетичките скулптури, односно дела со **кинетика**, се движат и реагираат на надворешни сили како ветер или механички систем. Современите вајари често создаваат **инсталации** или вршат **интервенции во просторот**, со што скулптурата станува дел од околината и ја менува перцепцијата на просторот.

## АКТИВНОСТ

Истражете преку интернет репрезентативни уметнички дела од различни епохи и уметнички движења. Анализирајте ги техниките што ги користеле уметниците и одговарајте на прашања за техничките карактеристики на секое дело.



▲ Александер Калдер, „Без наслов“, 1942 год.



▲ Исаму Ногучи „Црвената коцка“, 1968 год.

## АКТИВНОСТ

Организирајте мала изложба во училницата или во холот на училиштето каде што ќе ги презентирате сите ваши дела создадени со различни техники. Дискутирајте за техничките предизвици, споделувајте искуства од работата со материјали и со алатки и анализирајте успешни решенија кај соучениците. Потоа организирајте практична демонстрација прикажувајќи една техника пред другите и објаснувајќи ги чекорите, материјалите и постапките.

**Прашања**

1. Што претставува вајарството и кои форми на скулптури постојат?
2. Кои се разликите меѓу слободно стоечки и релјефни скулптури?
3. Кои техники се користат за создавање вајарски дела и како се разликуваат?
4. Што значи да се каже дека скулптурата може да биде статична, динамична или кинетичка?
5. Кои материјали и алатки се користат во традиционалното и во современото вајарство?

# ТЕМА 3: УМЕТНОСТ ВО ПРОСТОРОТ

Уметноста во просторот, преку архитектурата и урбанизмот, урбаната уметност и различните уметнички интервенции, има силно влијание врз начинот на кој го доживуваме светот околу нас. Таа не се сведува само на создавање функционални структури, туку активно учествува во обликувањето на културните, социјалните и на емоционалните искуства на општеството.

Просторот станува активен носител на значење, а архитектурата, заедно со уметничките интервенции, претставува форма на визуелно изразување што го поврзува човекот со околината и со секојдневното живеење. Тие ја обликуваат секојдневната средина додавајќи естетска вредност, функција и културна порака. На тој начин, просторот станува место за доживување и за интеракција со уметноста.

Во оваа тема ќе научите како архитектурата, урбанизмот и уметноста во јавниот простор го обликуваат просторот во кој живееме. Ќе се запознаете со основните поими како форма, функција, волумен, пропорција, фасада и конструкција, како и со различни типови објекти – станбени, јавни, сакрални и индустриски. Ќе истражувате примери на зелена и одржлива архитектура и начини на естетско и хумано уредување на просторот. Исто така, ќе ги анализирате урбаната уметност и нејзината улога во визуелната комуникација и во општествениот ангажман. Преку анализа, дискусија и практична работа ќе развивате идеи, скици и визуелни предлози за архитектонски, урбан или јавен простор, применувајќи ги основните принципи на дизајн и современите уметнички практики.

Преку набљудување и анализа на просторот се развива чувството за естетика и за одговорно користење на јавните површини. Уметничките интервенции поттикнуваат дијалог и критичко размислување за општеството и за околината. Така, просторот станува активна сцена за современо визуелно изразување.

### Цели на темата:

- Да разликуваш различни облици на просторна уметност.
- Да ја разбереш врската меѓу просторот, функцијата и естетиката во современата уметност и во архитектурата.
- Да препознаваш примери на современа и одржлива архитектура и да развиваш чувство за просторна организација и рамнотежа.
- Да осмислуваш и визуелно да претставуваш сопствени идеи за уметничко дело во јавен или во замислен простор користејќи различни техники и материјали.
- Да развиваш почит кон јавниот простор и кон уметничките изрази во него како дел од културната и од општествената средина.

# АРХИТЕКТУРА И УРБАНИЗАМ

## Простор, форма и функција

**Архитектурата** е уметност и наука за обликување на просторот. **Просторот** претставува основна категорија во архитектурата и може да биде отворен или затворен, јавен или приватен. **Формата** се однесува на визуелниот изглед и структурата на објектот, а **функцијата** ги определува неговата намена и употребата. Успешната архитектура воспоставува рамнотежа меѓу формата и функцијата, при што естетските решенија се усогласени со практичните потреби на корисниците.

Архитектурата не се доживува само визуелно туку и преку движење и време. Затоа, целосното разбирање на архитектонскиот простор е можно само преку директно, физичко доживување, а не само преку слики и текст.

**КЛУЧНИ ПОИМИ**
архитектура, урбанизам, простор, форма, функција, волумен, пропорција, станбен објект, јавен објект, сакрален објект, индустриски објект, конструкција, фасада, урбано уредување, план, проект, екстериер, ентериер, зелена архитектура, одржлива архитектура



Заха Хадид, MAXXI – Национален музеј на уметностите на 21 век, Рим, Италија, 2010 год.

## Волумен и пропорција

**Волуменот** ја определува тридимензионалноста на архитектонскиот објект, а **пропорцијата** ги регулира односите меѓу неговите делови. Преку правилно користење пропорции, архитектурата може да создаде чувство на хармонија, стабилност или динамика. Историски, пропорциите биле поврзани со математички и со геометриски принципи, но во современата архитектура тие често се експериментални и концептуални.

**Знаеш ли дека...**

Заха Хадид е една од најзначајните современи архитектки, позната по флуидни, динамични форми и експериментален пристап кон просторот. Нејзината архитектура ја брише границата меѓу ентериерот и екстериерот и создава впечаток на движење и континуитет.



Партенон, Атина, Грција, 5 век п.н.е.



Френк Гери, музеј „Гугенхајм Билбао“, Билбао, Шпанија, 1997 год.

## Архитектонски објекти

### Видови објекти

Во архитектурата, објектите можат да се класифицираат според нивната функција. Најчести видови се:

- **Станбени објекти** – објекти наменети за живеење, како куќи, станбени згради, вили, апартмани.
- **Јавни објекти** – објекти за јавна употреба, како училишта, библиотеки, музеи, уметнички галерии, театри, концертни сали, спортски сали, стадиони, здравствени установи, административни згради.
- **Сакрални објекти** – објекти со религиозна или со духовна функција, како катедрали, цркви, џамии, манастири, храмови.



▲ Шарена џамија, Тетово, РС Македонија, изградена кон крајот на 15 век (обновена во 1833 год. од Абдурахман-паша)



▲ Црква „Св. Јован Теолог“ („Св. Јован Канео“), Охрид, РС Македонија, археолошките податоци сугерираат дека црквата е изградена во 13 век, пред појавата на Отоманската Империја (период пред 1447 година)

- **Индустриски објекти** – објекти за производство и за индустрија, како фабрики, складишта, производствени комплекси.
- **Јавни простори и урбани содржини** – паркови, плоштади, улици и урбани скулптури кои имаат дополнителна архитектонска и естетска функција.

Секој вид објект има специфични просторни, функционални и естетски барања.



▲ Аниш Капур, „Порта од облаци“, Чикаго, САД, 2006 год.



▲ „Порта од облаци“ е иконичен елемент на Милениумскиот парк во Чикаго и значаен пример за современа урбана скулптура со архитектонска и со естетска вредност.

### Конструкција и фасада

**Конструкцијата** претставува носечка структура на објектот и е основа за неговата стабилност и безбедност. Таа може да биде изработена од бетон, челик, дрво или од комбинирани материјали.

**Фасадата** е надворешната „кожа“ на објектот и има важна визуелна и симболична улога. Таа комуницира со околината и често ги одразува стилот, времето и културниот контекст во кој е создаден објектот.

**Институтот на арапскиот свет** е модерен јавен објект дизајниран од архитектот Жан Нувел. Фасадата на објектот е впечатлива и уникатна, составена од 240 механички панели со арапска геометриска орнаментика кои автоматски ја регулираат количината на светлина што влегува во ентериерот. Објектот комбинира традиционални мотиви со современа технологија, при што фасадата не е само декоративен елемент, туку има и функционална улога во контролата на сончевата светлина и на температурата.





◀ Жан Нувел, „Институт на арапскиот свет“, Париз, Франција, 1987 год.

## Јавен простор и урбано уредување

**Јавниот** простор опфаќа плоштади, улици, паркови и отворени површини, достапни за сите. Тој е место за социјална интеракција, културни настани и секојдневни активности. Уметноста во јавниот простор, преку скулптури, инсталации и архитектонски решенија, ја збогатува урбаната средина и го поттикнува чувството на заедништво.

**Урбаното уредување** се однесува на планирањето и на организацијата на градскиот простор. Тоа вклучува сообраќај, зелени површини, инфраструктура и распоред на објекти. Добро уредениот урбан простор овозможува функционално, безбедно и естетски пријатно живеење.

**АКТИВНОСТ**

Истражете примери на модерни и современи архитектонски градби во светот и во Република Северна Македонија. Изберете една архитектонска градба што ви е интересна и направете кратко истражување на интернет: кој е авторот, кога е изградена и која е идејата зад нејзиниот дизајн. Резултатите од истражувањето претставете ги со фотографии и/или скици, а потоа дискутирајте како оваа градба влијае врз луѓето и врз просторот околу неа.

## План, проект, екстериер и ентериер

**Планот и проектот** се основа на секое архитектонско дело. Планот го прикажува распоредот на просторот, додека проектот ги вклучува целокупната идеја, конструкцијата и визуелното решение.

**Екстериерот** се однесува на надворешниот изглед на објектот и на неговиот однос со околината, додека **ентериерот** го обликува внатрешниот простор влијаејќи врз удобноста, атмосферата и функционалноста.





Ле Корбизје и Пјер Жанере, вила „Савој“, Париз, Франција, меѓу 1928 и 1931 год.



## Зелена и одржлива архитектура

**Зелената архитектура** има цел да го намали негативното влијание врз животната средина преку користење енергетски ефикасни решенија, природни материјали и обновливи извори на енергија.

**Одржливата архитектура** размислува долгорочно создавајќи објекти што се приспособливи, еколошки и економски оправдани. Таа ги поврзува уметноста, технологијата и одговорноста кон природата.





Студио Боери, „Вертикална шума“, Милано, Италија, 2014 год.

### АКТИВНОСТ

Создадете цртеж или дигитална скица за ваша уметничка инсталација во јавен простор. Изберете реална локација во вашиот град (плоштад, парк, улица или двор) и размислете како би ја промениле со помош на боја, облик или необичен материјал. Можете да работите со комбинирани ликовни техники по ваш избор или со дигитална апликација.

### Прашања

1. Што претставува архитектурата?
2. Што е простор во архитектурата и каков може да биде?
3. Што значи функција на еден архитектонски објект?
4. Кои се најчестите видови архитектонски објекти?
5. Што е јавен простор и зошто е важен за градот?

# УРБАНА УМЕТНОСТ

**КЛУЧНИ ПОИМИ**
урбана уметност, графити, мурали, улична уметност (street art), шаблон (stencil), симбол, композиција, боја, ритам, јавен простор, порака, вандализам

**Урбаната уметност** е динамична и иновативна форма на визуелно изразување што ги поврзува уметноста, просторот и општеството. Оваа уметност постои уште од Античкиот Рим, а повторно станува популарна во 1960-тите години во Њујорк.
Таа опфаќа различни форми како графити, мурали и други видови улична уметност. Урбаната уметност не е само естетска појава, туку често носи и општествен ангажман, симболика и личен или колективен идентитет. Со користење графити, мурали и улична уметност, уметниците создаваат дела што влијаат врз перцепцијата на јавниот простор и поттикнуваат размислување кај минувачите.

**Графити, мурали и улична уметност**

**Графитите** се форма на визуелно изразување во јавниот простор, најчесто изведени со спреј, маркер или боја на ѕидови, објекти и други урбани површини. Тие можат да содржат текст, симболи, потписи (тагови) или слики со цел пренесување визуелна порака. Најчесто станува збор за индивидуално или за групно творештво.

Иако традиционално се сметаат за нелегална форма на изразување надвор од институционалните рамки, графитите имаат значајна улога врз развојот на современата урбана култура и врз визуелната комуникација.

**Знаеш ли дека...**

Многу уметници на уличната уметност остануваат анонимни, а нивните дела стануваат светски познати и високо вреднувани. Најпознат пример е Бенкси, чиј идентитет сè уште не е официјално потврден, но чии дела се продаваат за милиони и често носат силни социјални и политички пораки. Овој факт покажува дека во урбаната уметност пораката и влијанието врз јавниот простор се поважни од авторството и од институционалното признавање, што ја прави оваа уметност особено моќна и директна.




Бенкси, „Малото девојче со балон“, 2002 год.

**Муралите** се големи сликарски дела изработени на ѕидови и фасади во јавниот простор. Најчесто се нарачуваат од институции, организации или заедници со цел да го разубават просторот или да пренесат порака. Муралите можат да обработуваат културни, историски, социјални или еколошки теми. Со употреба на боја, форма и композиција, тие ги менуваат изгледот и доживувањето на урбаната средина и поттикнуваат размислување кај публиката.



Кит Харинг, „Ние, младите“, 1987 год.

**Улична уметност** (street art) е поширок термин што опфаќа графити, мурали, стикери, шаблони (stencils) и други визуелни интервенции во јавниот простор. Таа често ги поместува границите на традиционалната уметност и создава активен дијалог со луѓето и со околината. Најчесто е свесно поставена во градската средина за да комуницира со минувачите.



Џеј Ар, „Жените се херои“, 2008 – 2009 год.

## Шаблони и симболи

**Шаблонот** е техника во уличната уметност при која мотивот се сече на хартија, картон, пластика или друг материјал, а потоа преку него се нанесува боја. Оваа техника овозможува брзо, прецизно и повторливо создавање на истиот мотив на различни локации. Често се користи за пренесување јасни симболи и пораки со силен визуелен и општествен ефект.



Бенкси, „Фрлачот на цвеќе“, Ерусалим, 2003 год.

**Симболот** е визуелен знак, форма или слика што претставува идеја, чувство или порака без да ја прикажува директно. Во уличната уметност и кај графитите, симболите, обично, се едноставни и лесно препознатливи со цел пораката брзо да се разбере во јавниот простор.

Круната, на пример, е еден од најпрепознатливите симболи во графитите и во уличната уметност на Жан-Мишел Баскијат. Најчесто таа е прикажана со три шилци, нацртана спонтано, како знак или таг.



Жан-Мишел Баскијат, симболот на круната

**Композиција, боја и ритам**

**Композицијата** се однесува на распоредот на сите визуелни елементи во едно уметничко дело – линии, форми, симболи, текст и слики. Добрата композиција води до хармонично и јасно визуелно решение што привлекува внимание и ја пренесува пораката.

**Бојата** има големо влијание врз чувствата и врз перцепцијата. Контрастните бои ја истакнуваат пораката, додека комбинацијата на слични нијанси создава хармоничен ефект. Во урбаната уметност бојата често се користи за да се направи делото видливо оддалеку и да се привлече вниманието на минувачите.

**Ритамот** е повторување или варирање на елементи како линии, форми и бои. Тој создава чувство на движење, динамика и на визуелна енергија, што е особено важно во урбаниот простор.

**АКТИВНОСТ**

Избери простор од твоето училиште и замисли како би изгледал со уметничка интервенција. Направи цртеж или скица за графит, мурал или за друга интервенција. Користи боја, симболи и композиција за да пренесеш порака што ти е важна.
По завршувањето, кратко претстави ја твојата идеја и објасни зошто ја избра токму таа порака и тој простор.

**Јавен простор и порака**

**Урбаната уметност** ја користи градската средина како платно. Таа трансформира различни градски површини и простори во визуелни точки на интерес, со што го збогатува секојдневниот живот на луѓето.

Многу уметници користат урбана уметност за да испратат лични, социјални, културни или политички пораки. Пораката може да биде директна или симболична, а фокусот е на заемното влијание меѓу уметноста и градот – како уметноста го обликува просторот и како градот ја обликува уметноста.

**АКТИВНОСТ**

Врз основа на претходно изработените скици за графит или за мурал, реализирајте ги вашите идеи како уметничка интервенција во училишниот простор. Заеднички создадете голем ѕиден панел или колаж на фасада, прозорец или ѕид – со дозвола и со соодветни материјали.

**Разлика меѓу вандализам и уметничка интервенција**

Понекогаш урбаната уметност може да се меша со вандализам, но постои важна разлика:

- **Вандализам** – уништување или обележување на просторот без дозвола, без уметничка или без општествена вредност. Често негативно влијае врз средината.
- **Уметничка интервенција** – планирана, креативна и со цел да пренесе порака или естетска вредност, во согласност со просторот и со јавниот интерес.

**Прашања**

1. Што е урбана уметност и кои форми ги опфаќа?
2. Која е разликата меѓу графити и мурали?
3. Како се користи шаблонот (stencil) во уличната уметност и која е неговата цел?
4. Зошто бојата, композицијата и ритамот се важни во урбаната уметност?
5. Како урбаната уметност влијае врз јавниот простор и врз комуникацијата со луѓето?

# ИНТЕРВЕНЦИЈА ВО ПРОСТОР

**КЛУЧНИ ПОИМИ**
интервенција во простор, инсталација, контекст, уметничка идеја, јавен простор, просторно условена уметност (site specific art), просторна композиција, интеракција, активизам и социјален коментар

**Интервенцијата во просторот** е една од најдинамичните форми на изразување во современата уметност. Таа излегува надвор од традиционалните галерии и музеи и се појавува во различни простори, како улици, јавни места или секојдневни ситуации. Преку привремени или постојани инсталации, перформанси или активности во кои учествува публиката, уметничката интервенција поттикнува размислување, дијалог и нови интерпретации и разбирање на реалноста.

Иако уметничките интервенции најчесто се поврзуваат со современата уметност, нивните корени се наоѓаат во авангардните движења од почетокот на 20 век, како што се дадаизмот и надреализмот. Со делото „Фонтаната“, Марсел Дишан го довел во прашање традиционалниот поим за уметност, нагласувајќи ја улогата на контекстот. Во 1960-тите и во 1970-тите години, со развојот на концептуалната уметност, перформансот и ленд арт, уметниците почнуваат активно да интервенираат во јавни простори и да ја користат уметноста како средство за социјален и за политички коментар. Овој пристап е основа на уметничките интервенции какви што ги познаваме денес.

**Клучни карактеристики на уметничката интервенција**

- **Просторно условена уметност (site-specific art) и контекстуална поврзаност**

Уметничките интервенции се тесно поврзани со просторот или со контекстот во кој се појавуваат. Уметниците избираат места со посебно социјално, политичко или културно значење и го користат просторот како важен дел од делото.

- **Постојан и привремен или минлив карактер**

Уметничките интервенции можат да бидат постојани или привремени и краткотрајни. Привремените интервенции често се појавуваат ненадејно и исчезнуваат без најава. Токму оваа минливост ја засилува нивната порака бидејќи остава силен, но краток момент за размислување пред просторот да се врати во својата вообичаена состојба.

- **Активизам и социјален коментар**

Уметничката интервенција често се фокусира на социјални и на политички теми. Со користење на јавниот простор, уметниците укажуваат на прашања како екологија, нееднаквост или неправди во општеството. На овој начин, интервенцијата станува критика и повик за промени.

- **Учество на публиката**

Многу интервенции ја вклучуваат публиката, свесно или несвесно. Со самото присуство или реакција, гледачите стануваат дел од уметничкото дело, со што се бришат границите меѓу уметникот, делото и публиката.

- **Нарушување на нормите**

Нарушувањето на вообичаените правила и очекувања е суштински дел од уметничката интервенција. Без разлика дали се работи за јавен простор, културна институција или општествен систем, интервенцијата ги доведува во прашање постоечките норми и ги поттикнува гледачите критички да размислуваат за средината во која живеат.

**Позначајни примери на уметничка интервенција**

Неколку значајни уметнички интервенции оставиле траен белег во современата уметност. Тие покажуваат како уметноста може да го менува просторот, да поттикнува размислување и да отвора важни општествени прашања. Подолу се наведени неколку познати примери:




Герила девојки,
„Дали жените мора да бидат голи за да влезат во музејот „Метрополитен“?“,
Њујорк, 1989 год.



Бенкси, „Носорог“, 2004 год.



▲ Ричард Сера, „Исток и запад“, Катар, 2014 год.



▲ Кристо и Жан-Клод, „Пловечки мостови“, езеро Изео, Италија, 2016 год.



▲ Аниш Капур, „Распарчување, локација 1“, Нов Зеланд, 2009 год.



▲ Кристо и Жан-Клод, „Завиткан Рајхстаг“, Берлин, Германија, 1971 – 1995 год.

▼ Олафур Елијасон, „Ледена стража“, Копенхаген (2014 год.), Париз (2015 год.) и Лондон (2018 год.), паралелно со големите климатски конференции. Моќна просторно условена (site-specific) инсталација создадена во соработка со геологот Миник Росинг, составена од масивни блокови глечерски мраз од Гренланд, поставени во јавни градски простори за постепено да се топат, со што апстрактната реалност на климатските промени станува видлива и опиплива.






▲ Франсис Алис, „Парадокс на практиката I (Понекогаш создавањето на нешто води кон ништо)“, Мексико Сити, Мексико, 1997 год.



◀ Сислеј Џафа, „Y“, Цирих, Швајцарија, 2011 год.

## АКТИВНОСТ

Истражете и дознајте повеќе за уметниците и за нивните дела споменати погоре. Поделете се во мали групи, анализирајте уметничка интервенција по улоги (локација, материјали, порака) и претставете ја со кратка презентација или со постер, дискутирајќи како делото го менува доживувањето на просторот и предизвикува критичко размислување за социјални, политички и за културни прашања.

### ▶ Знаеш ли дека...

„Продажба на снежни топки“ е перформанс на јавен простор во Њујорк каде што уметникот Дејвид Хамонс продаваше снежни топки на минувачи. Акцијата ја поттикнува публиката да размислува за вредноста и за комерцијализацијата, прикажувајќи како уметноста може да го менува доживувањето на просторот.

### Прашања

1. Што е интервенција во простор и како се разликува од уметноста во галерија?
2. Што значи просторно условена уметност (site-specific art)?
3. Зошто многу интервенции се краткотрајни и како тоа ја прави поинтересна нивната порака?
4. Како уметниците користат социјален коментар или активизам преку уметнички интервенции?
5. Како публиката учествува во интервенциите и како тоа го менува просторот?

# ТЕМА 4: ДИЗАЈН, ВИЗУЕЛНИ КОМУНИКАЦИИ И ДИГИТАЛНА УМЕТНОСТ

Визуелното искуство има клучна улога во начинот на кој луѓето учат, го разбираат светот и реагираат на околината. Уште од најрани времиња, луѓето користеле слики и симболи за да ги изразат своите идеи и да пренесат информации, многу пред да се појави пишаниот јазик.

Денес, визуелните пораки се присутни насекаде – во уметноста, дизајнот, архитектурата, рекламите и во дигиталните медиуми. Тие влијаат врз нашата перцепција, одлуките и врз секојдневното однесување. Затоа, разбирањето на визуелниот јазик ни помага критички да ги читаме сликите, да препознаваме значења и да развиваме сопствен став кон визуелната култура.

Проучувањето на визуелното искуство ја развива способноста за набљудување, креативно размислување и за анализа. Уметноста и дизајнот ги поврзуваат функцијата и естетиката, и покажуваат како визуелните елементи можат да пренесат пораки и да влијаат врз поединецот и врз општеството.

Во оваа тема ќе се запознаете со различните видови дизајн – графички, индустриски, текстилен, ентериерен и дигитален – нивните функции, визуелни карактеристики и примената во секојдневниот и во културниот контекст. Ќе научите како да ги препознавате знаците, симболите и визуелните пораки, како и улогата на фотографијата и на дигиталните медиуми како средства за комуникација и за уметнички израз. Покрај тоа, ќе развивате идеи и скици, комбинирајќи форма, боја, композиција и функционалност за да создадете свои визуелни решенија.

Преку визуелната комуникација се градат брендови, се пренесуваат културни вредности и се олеснува комуникацијата меѓу различни јазици и култури. Затоа, разбирањето на знаците, симболите, боите и ликовниот јазик е од суштинско значење за секој што се занимава со уметност, дизајн и со визуелни медиуми.

### Цели на темата

- Да ги разбереш улогата и значењето на дизајнот, визуелните комуникации и на мултимедијалното изразување денес.
- Да разликуваш видови и карактеристики на дизајн, визуелни комуникации, на дигитални и мултимедијални изразувања и да ги воочуваш нивните ликовни и естетски вредности.
- Да ја разбереш важноста на визуелните медиуми денес и нивните основни карактеристики.
- Да развиеш вештини и креативно изразување во користењето традиционални алатки или современи технологии при создавање свои идејни решенија во мултимедијалното и во визуелното изразување.

# ВИДОВИ ДИЗАЈН

**Дизајнот** е составен дел на културата и на современиот живот. Тој ги поврзува уметноста, технологијата и потребите на човекот, создавајќи решенија што истовремено се функционални, разбирливи и визуелно привлечни. Запознавањето со видовите дизајн, нивните функции и вредности ни овозможува да ја разбереме визуелната средина и активно да учествуваме во нејзиното обликување.
Видови дизајн се: **графички**, **индустриски**, **текстилен**, **моден**, **ентериерен** и **дигитален дизајн**. Тие се разликуваат според функцијата, примената и визуелните карактеристики.

**КЛУЧНИ ПОИМИ**
дизајн, графички дизајн, визуелен идентитет, лого, илустрација, типографија, фонт, индустриски дизајн, текстилен и моден дизајн, дезен, костимографија, орнамент, сценски дизајн, функционална и естетска вредност

**Графички дизајн**

Графичкиот дизајн е процес на создавање визуелна содржина преку слики, типографија, ликовни елементи, принципи на дизајн, графички софтвер и дигитални алатки со цел да се пренесе порака, да се реши проблем и да се предизвика емоција. Во дигиталната ера, графичкиот дизајн е присутен во веб-дизајнот, социјалните медиуми и во интерактивните платформи.
Видовите графички дизајн се разновидни и го одразуваат начинот на кој визуелните содржини можат да информираат, да комуницираат и да инспирираат. Секој вид бара посебни технички знаења и креативни вештини, приспособени на медиумот и на целта на дизајнот.

Видови графички дизајн

- **Дизајн на визуелен идентитет** – опфаќа логоа, визит-картички, меморандуми, коверти, плакати, брошури, реклами, веб-страници, банери и содржини за социјални мрежи. Целта е брендот да биде препознатлив и доследен во сите визуелни материјали.
  Пол Ренд е еден од највлијателните графички дизајнери на 20 век, познат по своите едноставни и концептуално силни логоа и по спојот на модернизмот и на визуелната комуникација.

Некои од најпознатите логоа на Пол Ренд кои се одликуваат со едноставност, јасна форма и силен визуелен идентитет.






Анри Матис, корица на книгата „Џез“, 1947 год.

- **Графички дизајн за публикации** – се користи за книги, списанија и за дигитални публикации. Се однесува на создавање композиции што ги организираат текстот и сликите на интересен и читлив начин. За ова е важно добро познавање на композицијата и на типографијата.




„Neue Grafik“, насловна страница на списание, 1958 год.



„Neue Grafik“, внатрешни страници на списанието

- **Маркетинг и рекламен графички дизајн** – се фокусира на создавање визуелни содржини за промоција на настани, производи, услуги или брендови. Целта е да се привлече вниманието на публиката, да се пренесе јасна порака и да се поттикне акција (на пример, учество во настан, купување или посета на веб-страница). Овој дизајн опфаќа плакати, банери, брошури, дигитални реклами, содржини за социјални мрежи, пакување и инфографици.



▲ Пол Ренд, „Eye Bee M“ (постер за IBM ), 1981 год.




▲ Давид Карсон, насловна страница на списанието „Ray Gun“, 1998 год.




▲ Масимо Вињели, Метро-мапа на Њујорк, 1972 год.



◀ Отл Аихер, пиктограми за Олимписките игри во Минхен, 1972 год.




▲ Милтон Глезер, „Дилан“, постер, 1966 год.

- **Графички дизајн за пакување** – се однесува на создавање визуелни решенија што го штитат и го промовираат производот. Дизајнерите ги земаат предвид материјалите, обликот и етикетите за пакувањето да биде привлечно и да пренесува точна порака до потрошувачите.
- **Веб и дигитален графички дизајн** – се однесува на создавање визуелни решенија за веб-страници, апликации и дигитални интерфејси, со фокус на функционалност, прегледност и корисничко искуство.

## Илустрацијата во графичкиот дизајн

**Илустрацијата** е декорација, толкување или визуелно објаснување на текст, идеја или на процес, создадена за употреба во печатени и во дигитални медиуми, како што се: постери, летоци, списанија, книги, наставни материјали, анимации, видеоигри и филмови. Илустрациите го прават текстот поразбирлив и визуелно привлечен.




Милтон Глезер, постер за „Mad Men", 2014 год.

**АКТИВНОСТ**

Поделете се во групи и разгледајте свои и туѓи ликовни решенија. Усно или писмено анализирајте примери од дизајнот во секојдневието – постери, логоа, пакувања, реклами и дигитални медиуми. Размислете што ги прави овие примери визуелно привлечни и кои елементи придонесуваат тие да бидат функционални и комуникативни. Заедно утврдете критериуми за оценување на дизајн и на мултимедијални творби. Резултатите прикажете ги во заедничка табела со посебни колони за ликовните вредности (боја, композиција, контраст, форма), естетските вредности (хармонија, изразност, оригиналност) и за функционалните вредности.

## Типографијата во графичкиот дизајн

**Типографијата** е важен дел од графичкиот дизајн и се однесува на обликувањето и на употребата на буквите со цел текстот да биде читлив, јасен и визуелно привлечен. Таа вклучува избор на фонт, големина на букви, растојание меѓу буквите, меѓу зборовите и меѓу редовите со цел да пренесе порака или да предизвика емоција.

Во типографијата, **фонт** е конкретен стил и изглед на буквите (на пр. Arial, Times New Roman, Helvetica). Фонтот може да биде со ист дизајн, но со различни стилови и дебелини, како што се основен (regular), болд (bold) и курзивен (italic), кои овозможуваат доследна и приспособлива типографска примена во дизајнот.

Главни видови фонтови се: **серифни, бессерифни, скрипт** (рачно пишувани), **декоративни** (display) и **моноспејс** (monospace), и тие се разликуваат според формата, читливоста и намената во типографијата и во дизајнот. Типографијата е клучна во публикации, реклами, визуелен идентитет и во дигиталните медиуми.

На пример, хелветика е бессерифен фонт создаден во 1957 година во Швајцарија, познат по својата чиста, неутрална и лесно читлива форма поради што е еден од најкористените фонтови во графичкиот и во веб-дизајнот, визуелниот идентитет и во јавната сигнализација.




**Вештини и алатки во современиот графички дизајн**

Современите графички дизајнери комбинираат креативност и технологија. Тие користат вештини како уредување фотографии, типографија, илустрации, анимација и веб-дизајн за да создадат ефективни визуелни решенија.

Чести алатки и софтвери:
- Adobe Photoshop – уредување фотографии и слики
- Adobe Illustrator – векторски графики и илустрации
- Adobe InDesign – публикации, брошури и книги
- Canva – лесен онлајн дизајн
- After Effects – анимација и видео
- Figma – дизајн на веб-страници, апликации и интерфејси со можност за соработка во реално време
- Алати за веб-дизајн и за интерактивни проекти

Овие алатки им помагаат на дизајнерите да ги претворат визуелните концепти во конкретни и значајни визуелни искуства.

## Индустриски дизајн

**Индустрискиот дизајн** се занимава со обликување предмети за секојдневна употреба, како мебел, апарати, алатки и производи за масовно производство. Неговата цел е да создаде функционални, безбедни и естетски прифатливи производи при што се земаат предвид ергономијата, материјалите, функционалноста, технологијата и визуелниот изглед.

Индустрискиот дизајн игра важна улога во подобрувањето на квалитетот на животот и на односот човек – предмет.



Џорџ Карвардин, ламбата „Anglepoise“, еден од најпрепознатливите симболи на британскиот индустриски дизајн, 1932 год.



Хемиското пенкало „BIC Cristal“, икона на индустрискиот дизајн, осмислено од Ласло Биро, а пласирано на масовниот пазар од Марсел Биш и Едуар Буфар во 1950 год.



Флексибилната сламка, совршен пример за дизајн насочен кон корисникот, била измислена во 1937 година од Џозеф Фридман. Денес, флексибилната сламка претставува икона што покажува како едноставните иновации можат да продрат на глобалните пазари и да станат составен дел од секојдневниот живот.



Столчето „Брно“, дизајнирано од модернистичкиот архитект Лудвиг Мис ван дер Рое во периодот 1929 – 1930 година, претставува пример за баухаускиот принцип на сведување на објектите на нивните основни елементи. Дизајнот се темели врз идејата дека не е неопходно столчето да има четири ногалки доколку може да биде изработено во конзолен стил, со користење една С-обликувана метална шипка што ја носи целата седечка површина.

**Знаеш ли дека...**

Ласло Биро со создавањето на хемиското пенкало „BIC“ во 1950 година направи еден од најмасовно произведуваните и најпознатите производи во светот.

## Текстилен и моден дизајн

**Дизајнот на текстил** е уметност и дизајн применети на ткаенини преку дезени, текстури, бои и техники на изработка. Тој се постигнува преку:

- печатење, при што се употребуваат бои и мотиви врз површината;
- ткаење, при што се создаваат дезени со испреплетување на вертикални и на хоризонтални нишки;
- мешани техники, како везење, плисирање, апликации, квилтинг и ласерско сечење кои додаваат релјеф, текстура и уникатност.

**Дезенот** е украсен мотив или шема што се повторува на одредена површина и се користи во текстил, облека, мебел и графички дизајн. Тој дава визуелна структура и естетика, а може да биде геометриски, цветен, апстрактен или тематски, според функцијата и стилот на дизајнот.



**Модниот дизајн** е креативен процес на осмислување и создавање облека, модни додатоци и обувки преку поврзување на уметноста, културата, функционалноста и естетиката. Тој опфаќа развој на идеи од почетен концепт и скици до финален производ што ги одразува стилот, идентитетот и општествените трендови.

Модниот дизајн вклучува:

- Развој на концепт – инспирација од уметност, историја, култура или од современиот живот
- Скицирање и илустрација – визуализација на дизајнерските идеи
- Избор на текстил и материјали – ткаенини, бои и текстури
- Кроење и конструкција – претворање на дизајнот во нослива форма
- Следење на трендови и на пазарот – приспособување кон општествените, културните и кон технолошките промени



Модниот дизајн се наоѓа на пресекот меѓу уметноста и индустријата, исполнувајќи и естетска и практична функција, при што има значајна улога во обликувањето на визуелната култура и на идентитетот.
Текстилниот и модниот дизајн ги поврзуваат традицијата, културата и современите трендови, изразувајќи индивидуални и колективни вредности.

### АКТИВНОСТ

Поделете се во парови или во мали групи. Ваша задача е да осмислите идејно решение за еден вид дизајн. Една група ќе работи на графички дизајн (на пример, лого или плакат), друга на индустриски дизајн (предмет за секојдневна употреба), трета на текстилен дизајн (дезен или текстура), а другите групи можат да изберат моден, ентериерен или дигитален дизајн.
По завршувањето, секоја група ќе го презентира своето решение пред соучениците и ќе објасни:
- за кој вид дизајн станува збор,
- која е неговата намена,
- кои визуелни и функционални карактеристики се најважни.

На крај, разменете мислења и дискутирајте за различните пристапи и карактеристики на дизајнот.

**Костимографија, уникатен дизајн, орнаментика и ракотворби**

**Костимографијата** е дисциплина што се занимава со осмислување и со изработка на костими за театар, филм, опера, балет, телевизија и за други изведби. Таа има клучна улога во визуелната интерпретација на ликот, времето, просторот и на контекстот.
Костимографијата ги поврзува модниот дизајн, визуелните уметности и сценската уметност, при што костимот служи како средство за изразување карактер, социјален статус, психолошка состојба и културно-историски идентитет на ликовите.





Продукцијата на „Кралот лав“ на Бродвеј е позната по својата иновативна употреба на повеќе од 232 кукли и маски со кои се оживува африканската савана. Дизајнирана од Џули Тејмор и Мајкл Кари, продукцијата ја користи техниката на „двоен настан“, при што публиката истовремено ги гледа и куклата и актерот што ја управува.

**Уникатен дизајн** е дизајн што е единствен, оригинален и неповторлив, создаден како авторско дело што се разликува од постоечките решенија по својата идеја, форма, концепт или изведба. Уникатниот дизајн се поврзува со индивидуалноста и со креативната вредност, а не со масовното производство.

**Ракотворби** се предмети или дела создадени рачно, со вештина и креативност, кои имаат уметничка, декоративна или практична вредност и претставуваат уникатни или ограничени примери на рачна изработка.

**Орнаментика** е уметничка дисциплина што се користи за украсување предмети, површини или простори со мотиви, шари, линии и форми, при што главната цел е да се постигнат естетска убавина и визуелен интерес.

## Просторен и сценски дизајн

**Просторниот и сценскиот дизајн** се однесуваат на обликување простори за театар, изложби, јавни настани и ентериери, при што се земаат предвид функцијата на просторот, движењето на луѓето и визуелниот впечаток. Тие комбинираат архитектонски, визуелни и сценографски елементи за да создадат функционална, естетска и впечатлива средина.



Сцена од балетот „Лебедово езеро“, изведен од балетската театарска компанија за класична кореографија на Елик Меликов, на сцената на РАМТ во Москва, со кореографија на Наталија Ришенко и Виктор Смирнов-Голованов, сценографија и костими на Наталија Поваго.

## Функционални и естетски вредности

**Секој дизајн има две основни вредности:**

- **функционална вредност** – колку добро предметот или визуелното решение ја исполнува својата намена;
- **естетска вредност** – ги опфаќа визуелната привлечност, хармонијата и уметничкиот израз.

Добриот дизајн претставува рамнотежа меѓу овие две вредности.

**Прашања**

1. Што е дизајн и зошто тој има важна улога во современиот живот и во културата?
2. Кои се главните разлики меѓу графичкиот, индустрискиот и текстилниот дизајн?
3. Зошто типографијата е клучен елемент во графичкиот дизајн?
4. Како функционалната и естетската вредност се надополнуваат во добриот дизајн?
5. На кој начин модниот и текстилниот дизајн ги поврзуваат традицијата и современите трендови?

# ВИЗУЕЛНА КОМУНИКАЦИЈА

**Визуелната комуникација** претставува процес на пренесување информации, идеи и пораки преку визуелни средства наместо преку вербален или преку писмен јазик. Таа е еден од најмоќните и најстарите облици на комуникација бидејќи човекот најбрзо и најдиректно ги перципира визуелните информации.

Во современото општество, визуелната комуникација е присутна насекаде – во дизајнот, уметноста, медиумите, рекламирањето, дигиталните платформи и во јавниот простор.

Визуелната комуникација има моќ да информира, да едуцира, да предизвика, да поттикне размислување, па дури и да влијае врз однесувањето користејќи визуелни елементи, содржина и пораки.

**КЛУЧНИ ПОИМИ**
визуелна комуникација, знак, симбол, визуелна порака, визуелна содржина, психологија на бои, симболика на ликовен јазик

### Знаци и симболи во визуелната комуникација

Основни елементи на визуелната комуникација се знаците и симболите. **Знакот** има директно, практично, јасно и недвосмислено значење и најчесто служи за информирање или за насочување, како што се сообраќајните знаци, пиктограмите или информативните ознаки. Неговата функција е практична и универзална со цел пораката да биде разбирлива за што е можно поширок круг луѓе.

**АКТИВНОСТ**

Разгледајте визуелни содржини, идентификувајте видливи и скриени визуелни пораки и водете дискусија за етичките и за моралните вредности во современиот дизајн и медиуми. Дајте критички осврт за влијанието на визуелната комуникација врз јавноста и врз младите, анализирајте што ве привлекува, а што би можело да се подобри.

**Симболот**, за разлика од знакот, има подлабоко и повеќеслојно значење. Тој не прикажува само информација, туку и идеја, емоција или културна вредност. Симболите често зависат од контекстот, традицијата и од културното искуство на примачот. Тие можат да носат огромно количество информации, а притоа да останат едноставни и лесно запаметливи. На пример, срцето како симбол се поврзува со љубовта, мирот се симболизира преку гулаб, додека боите и формите можат да имаат различни симболички значења во различни култури. Голем број симболи се прифатени и од психологијата зашто ги одразуваат длабочините на човековата свест и потсвест.

Симболите често се претстави што ја имитираат формата на она суштество или на оној предмет со кои се поврзани. Од друга страна, симболите можат да бидат измислени, со сосема произволна форма. Тие можат да бидат засновани дури и врз фонетски асоцијации што, на пример, се среќава во кинеската култура. Ваквите симболи можат да вклучуваат како графички и геометриски линии, така и зборови и ритуални движења.




Знакот СТОП (STOP) е еден од најпрепознатливите сообраќајни знаци во визуелната комуникација. Тој има јасна и универзална функција – задолжително запирање на возилото. Карактеристичната црвена боја симболизира опасност и внимание, додека осумаголната форма овозможува лесно препознавање од сите агли, па дури и од задната страна. Зборот „STOP“ е краток, јасен и разбирлив на глобално ниво што го прави пример за ефикасен визуелен знак кој комбинира форма, боја и текст за брза и недвосмислена комуникација.



Јин и јанг е древен симбол од кинеската филозофија што ги претставува рамнотежата и дуалноста во светот. Симболот се состои од две спротивни, но меѓусебно поврзани сили: јин (темно, пасивно, женско, ноќ, тишина) и јанг (светло, активно, машко, ден, движење). Нивната кружна форма укажува на постојано надополнување и преминување едно во друго, а малата точка во секоја половина симболизира дека во секоја спротивност постои дел од другата. Во визуелната комуникација, јин и јанг често се користи како симбол на хармонија, баланс, единство и на меѓузависност.

## Визуелна содржина и визуелна порака

**Визуелната содржина** пренесува вредни информации преку впечатливи слики, илустрации и графики кои го привлекуваат вниманието. Таа вклучува фотографии, дијаграми, графикони, инфографици, онлајн видеа, преноси во живо, снимки на екран, GIF-ови и анимации, мимови и слајд-презентации.

Визуелната содржина стана неопходен дел од маркетингот во дигиталната ера. Брендовите сè почесто користат визуелни содржини за да ја привлечат публиката и да ги промовираат своите производи и услуги.

## Типови на визуелна содржина




**GIF-овите и анимациите** се кратки, повторувачки или динамични визуелни форми што служат за брзо пренесување информации, емоции или пораки. Тие често се користат во социјалните мрежи, веб-страниците и во дигиталните кампањи за да го привлечат вниманието, да ја зголемат интеракцијата и да ја поедностават комуникацијата преку движење и визуелен ритам.



**Фотографиите и сликите** се најраспространетиот тип на визуелна содржина денес. Една впечатлива слика може да пренесе многу повеќе информации и емоции отколку самиот текст. Со сликите можеме да покажеме наместо само да раскажуваме.

**Видеата и преносите во живо** ни овозможуваат да раскажуваме динамични и привлечни приказни. Гледањето приказна што се развива преку видео создава големо емотивно влијание и го задржува вниманието на гледачите кон содржината.

**Презентациите и слајд-презентациите** се форми на визуелна комуникација што комбинираат текст, слики, графикони, илустрации и мултимедија за јасно и структурирано пренесување информации. Тие се користат во образованието, бизнисот, маркетингот и во јавните настапи.

**Инфографиците** ја кондензираат сложената информација во лесно разбирлив, визуелен формат. Со комбинирање на визуализација на податоци, илустрации, текст и графички дизајн, инфографиците ги претвораат статистиките и фактите во визуелни приказни.

**Графиконите** се визуелни претстави на податоци што ги олеснуваат анализата и разбирањето на информациите. Тие се користат за прикажување трендови, споредби, распределби и односи меѓу различни вредности со цел податоците да станат јасни, прегледни и лесно разбирливи за публиката.

**Е-книгите** се дигитални верзии на книги, достапни на компјутери, таблети или на читачи за електронски книги. Тие овозможуваат лесен пристап до информации и споделување знаење во дигиталната средина.

**Мимовите** се визуелни или комбинирани текстуални илустрации што пренесуваат хумор, пораки, идеи или културни референци на едноставен и брз начин.

**Снимките на екран** или **екранките** (screenshots) се статични визуелни прикази на содржина прикажани на дигитален уред. Тие се користат за прикажување информации, објаснување процеси, документација, едукација и комуникација во дигиталните медиуми, овозможувајќи јасно и прецизно визуелно пренесување на конкретен момент или состојба на екранот.

**Вебинарите** се онлајн семинари што комбинираат видео, аудио, презентации и интерактивни визуелни содржини за пренесување знаење и информации во реално време или како снимена содржина. Тие се користат во образованието, бизнисот и во маркетингот овозможувајќи визуелна комуникација, директна интеракција со публиката и поголема вклученост преку прашања, дискусии и демонстрации.

**Визуелната порака** е значењето што дизајнерот или авторот сака да го пренесе до публиката. Таа може да биде информативна, едукативна, убедувачка или емоционална. Успешната визуелна порака е јасна, лесно препознатлива и приспособена кон целната публика. Начинот на кој се комбинираат визуелните елементи директно влијае врз тоа како пораката ќе биде разбрана и доживеана.

Визуелните пораки ги примаме и ги разбираме на три нивоа:

- **Репрезентативно ниво** – тоа што го гледаме и го препознаваме од секојдневниот живот.
- **Апстрактно ниво** – основните визуелни елементи (линија, форма, боја) кои пренесуваат чувство или емоција.
- **Симболичко ниво** – знаци и симболи на кои луѓето им дале значење, како што се букви, знамиња или сообраќајни знаци.

За разбирање на апстрактното и на симболичкото значење на визуелната порака, потребно е соодветно образование. Трите нивоа ни помагаат подобро да ги разбереме визуелните пораки околу нас.

**Знаеш ли дека...**

Поголем дел од информациите што мозокот ги обработува се визуелни. Луѓето природно реагираат на слики и на визуелни стимули многу побрзо отколку на текст или на говор. Овој факт е потврден со истражувања во когнитивната психологија и во невронауката и ја истакнува важноста на визуелната комуникација во образованието, маркетингот и во секојдневниот живот.

### Симболика и психологија на бои

Боите играат клучна улога во визуелната комуникација бидејќи имаат силно **психолошко и симболичко влијание** врз човекот. Психологијата на боите се занимава со начинот на кој различни бои предизвикуваат одредени чувства, асоцијации и реакции.
На пример, црвената боја често се поврзува со енергија, страст, опасност или итност; сината со смиреност, доверба и стабилност; зелената со природата, растот и рамнотежата; жолтата со оптимизам и внимание; додека црната може да симболизира елеганција, моќ, но и тага или мистерија. Во дизајнот и во визуелната комуникација, правилниот избор на бои е од суштинско значење за ефективно пренесување на пораката и за создавање посакуван емоционален ефект.

### Ликовниот јазик и неговата симболика

**Ликовниот јазик** во визуелната комуникација се состои од основните ликовни елементи и принципи. Овие елементи градат „визуелен речник“ преку кој се пренесува значењето на визуелната порака.
Секој ликовен елемент има своја симболика. Линијата може да изразува движење, мир или напнатост; формите можат да делуваат стабилно или динамично; контрастот го насочува вниманието, а композицијата ја организира визуелната целина. Преку нивната комбинација, визуелната комуникација станува јасна, читлива и естетски вредна.

**Прашања**

1. Што претставува визуелната комуникација и зошто е важна?
2. Која е разликата меѓу знакот и симболот во визуелната комуникација?
3. Што е визуелна порака и кои се трите нивоа на разбирање на визуелните пораки?
4. Кои видови на визуелна содржина најчесто се користат за комуникација во дигиталната ера?
5. Како психологијата на боите и симболиката на ликовниот јазик влијаат врз пренесувањето на визуелната порака?

# ФОТОГРАФИЈАТА КАКО ВИЗУЕЛЕН МЕДИУМ

**Фотографијата** се однесува на процесот или на практиката на создавање фотографија – слика што настанува како резултат на дејството на светлината врз светлочувствителен материјал. Таа е составен дел од секојдневниот живот и може да има различни улоги, во зависност од контекстот и од целта на авторот. Фотографијата може да документира настани, да пренесува емоции, да испраќа пораки и да служи како медиум за уметничко изразување.

Фотографиите можат да се поделат на различни видови, според техниката на реализација, како и според нивната функција и намена. Разбирањето на различните видови фотографии и нивните карактеристики ни помага подобро да ја цениме нивната улога, да ги анализираме визуелните пораки и да станеме критички гледачи и создавачи на визуелни содржини.

**КЛУЧНИ ПОИМИ**
фотографија, аналогна и дигитална фотографија, црно-бела и колор фотографија, фотографски жанр, уметничка фотографија, портретна фотографија, пејзажна фотографија, новинарска и документарна фотографија, рекламна фотографија, јавна и приватна фотографија

### Аналогна (недигитална) и дигитална фотографија

Видови фотографија според техниката на реализација се: аналогна (недигитална) и дигитална фотографија.
**Аналогната (недигитална) фотографија** користи филм како светлочувствителен материјал и сликата се создава преку хемиски процес. **Дигиталната фотографија** користи дигитален сензор за снимање на сликата и таа се зачувува како дигитална датотека (JPEG, RAW, TIFF).

**Знаеш ли дека...**
Зборот „фотографија“ е воведен во 1839 година од сер Џон Хершел и потекнува од грчките зборови phos („светлина“) и graphê („цртање“), што буквално значи „цртање со светлина“.

### Црно-бела и колор фотографија

Првично, целата фотографија била монохроматска, односно црно-бела. Дури и по појавата и широката достапност на колор филмот, **црно-белата фотографија** продолжила да доминира со децении поради пониската цена, поголемата хемиска стабилност и нејзиниот „класичен“ визуелен изглед. Црно-белата фотографија е широко користена во уметничката, документарната и во новинарската фотографија.
**Колор фотографијата** користи бои за пореално и подинамично прикажување на светот. Бојата има важна улога во пренесување атмосфера, емоција и значење, а нејзината употреба често е поврзана со психологијата на боите. Колор фотографијата е доминантна во рекламната, модната, пејзажната и во комерцијалната фотографија.

## Видови фотографии

Фотографијата опфаќа бројни жанрови кои, покрај техниката, се категоризираат и според темата и намената. Овие жанрови се движат од уметнички израз до техничка документација и комерцијална примена. Меѓу најзначајните видови се уметничката, портретната, пејзажната, модната, новинарската, рекламната, документарната, како и јавната и приватната фотографија. Видовите фотографии често се преклопуваат и една слика може да има повеќе улоги истовремено.

**Уметничката фотографија** е форма на современа уметност во која фотографот дејствува како уметник, користејќи ја камерата не само за да ја регистрира реалноста туку и за да ја трансформира. Намерата не е документирање, туку создавање – пронаоѓање значење, емоција или убавина надвор од очигледното, со цел да се изрази креативната и естетската визија на авторот.

**Портретната фотографија** е еден од најпопуларните жанрови на фотографијата. Таа се фокусира на прикажување на личноста, карактерот, идентитетот и емоциите на поединец или на група луѓе.

**Пејзажната фотографија** го прикажува природниот или урбаниот простор, од величествени погледи до најситните детали, со цел да ги долови убавината и атмосферата на околината.

**Модната фотографија** ја поврзува фотографијата со модата, дизајнот и со рекламата. Таа често е сценографска, концептуална и визуелно впечатлива.

**Новинарската фотографија** раскажува вести и настани прикажувајќи ја реалноста на објективен, чесен и етички начин. Таа служи како визуелен запис на историјата документирајќи настани, конфликти и секојдневен живот за медиумите.

**Рекламната (комерцијална) фотографија** има за цел промоција на производи, услуги или брендови и игра клучна улога во маркетингот и во визуелната комуникација.

**Документарната фотографија** ја прикажува реалноста со цел сведочење, информирање и зачувување историски моменти и има силна општествена и културна вредност.

**АКТИВНОСТ**

Истражете различни видови фотографии и нивните основни карактеристики. Потоа фотографирајте и создавајте дигитални датотеки со фотографии од различни жанрови. Класифицирајте ги по вид и направете фотоалбум. Пред другите ученици презентирајте го вашиот фотоалбум, објаснете ја поделбата и потенцирајте ги основните карактеристики на секој вид фотографија.

## Јавна и приватна фотографија

**Јавната фотографија** се однесува на фотографии создадени во јавен простор и наменети за пошироката публика, како што се фотографии од настани, фестивали или урбана средина. **Приватната фотографија**, пак, е создадена за лична употреба, на пример, семејни фотографии или лични албуми, и има значајна емоционална и мемориска вредност.

## Историски и современи примери на видови фотографии



Франческа Вудман, „Простор“, Провиденс, 1976 год.



Стив Мек Кари, „Авганистанска девојка“, 1984 год.



Доротеја Ланге, „Мајка мигрант“, Калифорнија, 1936 год.



Алфред Ајзенштад, „Прослава на Денот на победата над Јапонија“, 1945 год.



Ансел Адамс, „Изгрев на месечината“, Ново Мексико, 1941 год.



▲ Елина Братерус, „Жолта во снег“, 2019 год.



▲ Ричард Аведон , „Довима со слонови“, 1955 год.



▶ Џејмс Велинг „0158“, 2006 год.

**Прашања**

1. Која е разликата меѓу аналогната и дигиталната фотографија според техниката на реализација?
2. Зошто црно-белата фотографија сè уште се користи и денес, и покрај развојот на колор фотографијата?
3. Кои се некои од главните жанрови на фотографијата?
4. Што ја разликува уметничката фотографија од документарната фотографија?
5. Зошто новинарската фотографија се смета за важен визуелен запис на историјата?

# ДИГИТАЛНИ МЕДИУМИ И МУЛТИМЕДИЈАЛНО ИЗРАЗУВАЊЕ

**Дигитална писменост**

Живееме во дигитален свет. Размислете што правиме секој ден. Користиме интернет, пребаруваме информации, кликнуваме на линкови и разгледуваме различни содржини. Сето тоа го правиме природно, без многу размислување.
Ова се дигитални вештини. Денес, исто како што е важно да знаеме да читаме и да пишуваме, важно е да имаме и дигитална писменост.

**КЛУЧНИ ПОИМИ**
дигитална писменост, дигитална уметност, видеоуметност, анимација, интерактивен дизајн (IxD), искуство и интерфејс на корисникот (UX/UI), веб-уметност, виртуелни изложби (VR/3D)

**Дигиталната писменост** значи способност да се пронаоѓаат, да се разбираат, да се создаваат и да се споделуваат информации со помош на дигиталната технологија, како и безбедно и одговорно користење на интернетот и на дигиталните медиуми.

Концептот на дигиталната писменост се развивал во текот на 20 век и продолжува да се развива во 21 век, при што од техничка дефиниција на вештини и компетенции прераснал во пошироко разбирање на интеракцијата со дигиталните технологии. Овој развој особено е забрзан со напредокот на технологиите на вештачката интелигенција (AI) кои се дизајнирани да ја симулираат човечката интелигенција преку користење сложени системи, како што се алгоритмите за машинско учење, обработка на природен јазик и роботика.



## Дигитална уметност

**Знаеш ли дека...**
Бипл создавал по една дигитална слика секој ден повеќе од 13 години, а потоа ги споил во колажот „Секојдневници: Првите 5 000 денови“, кој беше продаден како NFT за речиси 70 милиони долари.

*NFT е кратенка од Non-Fungible Token, што на македонски се преведува како „токен кој не е заменлив“, што значи дека лицето што го купило поседува единствен дигитален примерок со доказ за сопственост.

**Дигитална уметност** е поим кој се користи за уметност што е создадена или прикажана со помош на дигитална технологија. Првата употреба на поимот дигитална уметност беше во раните 1980-ти кога компјутерските инженери создадоа програма за сликање што ја користеше пионерот на дигиталната уметност, Харолд Коен. Овој систем стана познат како AARON, роботска машина дизајнирана да создава големи цртежи на листови хартија, поставени на подот.



Харолд Коен, „Без наслов, компјутерски цртеж“, 1982 год.



Бипл, „Секојдневници: Првите 5 000 денови“, огромен дигитален колаж од 5 000 дневни слики создадени од мај 2007 до 2020 год.

## Видеоуметност

**Видеоуметноста** е вид современа уметност во која времето, движењето, звукот и визуелните ефекти се користат како основни медиуми за изразување. Таа вклучува кратки или долги видеа, инсталации, изведби и проекции, и често истражува концепти, емоции или социјални теми на начин кој не е ограничен со традиционалните форми на изразување.
Пример, делото „Центар за привремен престој“ на Адријан Паци е видеоуметничка работа која прикажува група луѓе што стојат на авионски скали поставени на аеродромска писта, без конкретна дестинација. Преку оваа едноставна, но силна сцена, уметникот ги истражува темите на миграцијата, чекањето и неизвесноста на современиот човек. Делото претставува критички осврт кон политиките за граници и кон чувството за припадност во современиот свет.



Адријан Паци, „Центар за привремен престој“, кадар од видеопроекција во формат 16:9, боја, звук, 5 минути и 30 секунди, 2007 год.

## Анимација и спот

**Анимацијата** е уметност на создавање илузија на движење и промена преку прикажување брза, последователна низа од статични слики, односно „кадри“. Потекнувајќи од латинскиот збор animare („да се даде живот“), таа вклучува манипулација на цртежи, модели или компјутерски генерирани слики со цел да се симулира движење и претставува моќен медиум за раскажување приказни, едукација и забава.

**Главни видови:**

- **Традиционална анимација** – рачно цртани кадри, најчесто на хартија или на проѕирни целулоидни листови.
- **2D-анимација** – векторски или дигитални цртежи што создаваат рамни, движечки слики.
- **3D-анимација** – компјутерски генерирани слики (CGI) што создаваат тридимензионални модели со длабочина, осветлување и текстури.
- **Стоп-моушн анимација (stop motion)** – фотографирање физички објекти или фигури што се поместуваат малку меѓу секој кадар.

Анимацијата широко се користи во филмот, телевизијата, видеоигрите, маркетингот, корисничките интерфејси и во онлајн содржините. Анимацијата истовремено е техничка дисциплина и уметничка форма што ги оживува имагинарните концепти.



▲ Кадри од анимираниот филм „Клаус“, познат по својот уникатен анимациски стил кој комбинира традиционална 2D со 3D-анимација и современи дигитални техники за осветлување и текстури, создавајќи впечатлив визуелен ефект, 2019 год.

**Спот**

Спотот е краток видеоматеријал кој комбинираа музика, визуелни елементи и нарација со цел да пренесе порака или приказна на динамичен и привлечен начин. Неговата основна цел е промоција на музика, брендови или на креативни идеи, а често се користи и како форма на визуелен израз. Примери за вакви видеосодржини се музичките видеа, рекламите и кратките визуелни изведби.

**Интерактивен дизајн и веб-уметност**

**Интерактивниот дизајн (IxD)** е практика на дизајнирање интерактивни производи, услуги и системи. Целта на интерактивниот дизајн е да ги поврзе луѓето со технологијата што ја користат, создавајќи интерфејси кои се ефикасни, интуитивни и привлечни.

Интерактивниот дизајн (IxD) тесно се поврзува со:

- **Искуството на корисникот (UX)** – се фокусира на искуството на корисникот со производот или со услугата: колку е лесно, ефикасно и задоволувачко користењето. Интерактивниот дизајн (IxD) помага да се создаде тоа искуство преку добро дизајнирани интеракции.
- **Корисничкиот интерфејс (UI)** – се однесува на визуелниот и на тактилниот дел од интерфејсот: копчиња, менија, икони, бои, распореди. Интерактивниот дизајн (IxD) се грижи интерфејсот да биде интерактивен и логичен за корисникот.

Интерактивниот дизајн (IxD) е мостот меѓу искуството на корисникот (UX) и корисничкиот интерфејс (UI) – го дизајнира начинот на интеракција на корисникот со интерфејсот.






## АКТИВНОСТ

Поделете се во групи и снимајте видеоклипови од училишните активности. Потоа комбинирајте ги снимките за да создадете видеопрезентација или краток филм. Целта е да се развијат вештини за снимање, уредување и за колективна работа.

**Веб-уметноста** е создадена за да се доживее преку интернет, при што веб-платформата се користи и како платно и како медиум за дистрибуција. Таа често е интерактивна и ги вклучува корисниците во процесот на создавање или на доживување на делото, со што ги предизвикува традиционалните дефиниции за уметност и институционалните ограничувања. Веб-уметноста вклучува различни форми, како веб-базирани анимации, интерактивни проекти и дела што користат веб-технологии. Таа се појавува особено во 1990-тите години, со значајни уметници како Олија Лијалина.



Олија Лијалина, „Лето“, 2013 год.

## Виртуелни изложби

**Виртуелните изложби** се дигитални, онлајн презентации на уметност, историја или бизнис што симулираат реални простори користејќи технологии како виртуелна реалност (VR), 3D-прошетки и мултимедијални алатки. Тие им овозможуваат на луѓето од целиот свет да ги посетуваат изложбите 24/7, нудејќи интерактивно и имерзивно искуство за истражување, учење и за поврзување од која било локација. Главните предности се достапност на дела за поширока публика, интерактивност и мултимедијално искуство.

Дигиталните медиуми и мултимедијалното изразување овозможуваат креативна слобода, интерактивност и глобална достапност. Учењето за дигитална писменост и различните форми на дигитална уметност се клучни за развој на современиот визуелен и медиумски јазик.

**Прашања**

1. Што значи дигитална писменост?
2. Кои се главните видови на дигитална уметност и со кои технологии се создаваат?
3. Каква улога има видеоуметноста и кои теми може да ги истражува?
4. Што претставува интерактивниот дизајн?
5. Кои се предностите на виртуелните изложби за уметниците и за публиката?

# РЕЧНИК НА ПОИМИ

## А

**Автоматизам** – Техника на слободно пишување или цртање без свесна контрола за да се открие потсвеста.

**Анимација** – Техника на создавање движење преку низа статични слики или дигитални кадри.

**Апсурд** – Нелогичност и ирационална комбинација на елементи за предизвикување шок или рефлексија.

**Апстрактна уметност** – Уметничко изразување што го отфрла конкретниот приказ и се фокусира на бојата, линијата и формата како самостојни елементи.

**Апстрактен експресионизам** – Американско уметничко движење што ги нагласува личниот гест, емоцијата и потсвеста како централни за уметничкиот израз.

**Арт нуво** – Декоративен уметнички стил со органски линии и флорални мотиви што ги обединува уметноста и дизајнот.

## Б

**Баухаус** – Училиште и движење што ги спојува уметноста, дизајнот и архитектурата со функционалноста и со апстрактниот визуелен јазик.

**Биста** – Скулпторски приказ на човечка фигура што ги опфаќа главата, вратот и дел од градниот кош.

**Бранкузи** – Константин Бранкузи создава апстрактни скулптури со чисти линии и со стилизирани форми.

## В

**Ван Гог** – Винсент ван Гог ги користи бојата и динамичниот потег за силен емоционален израз.

**Васарели** – Виктор Васарели е пионер на оп-артот, познат по композиции кои создаваат илузија на движење и на длабочина.

**Визуелна комуникација** – Пренесување информации и идеи преку слики, форми, боја и други визуелни средства.

**Визуелна порака** – Информација или идеја што се пренесува и се толкува преку визуелни средства.

**Визуелна перцепција** – Начинот на кој окото и мозокот на човекот ги обработуваат бојата, формата и движењето во делото.

**Видеоуметност** – Уметничка практика што користи видеоматеријал за експериментално или за наративно изразување.

**Веб-уметност** – Уметнички проекти создадени специјално за интернет-платформи, често интерактивни или мрежно базирани.

**Виртуелна реалност (VR)** – Технологија која создава комплетно дигитално опкружување каде што гледачот може да се движи и да комуницира.

**Виртуелни изложби (VR/3D)** – Дигитални изложби во виртуелен или во тридимензионален простор што овозможуваат имерзивно визуелно искуство.

**Волумен** – Просторната маса што ја зазема телото или објектот во тридимензионалниот простор.

## Г

**Геометриски форми** – Основни визуелни елементи што ја структурираат композицијата и ја редуцираат природната форма на апстрактните облици.

**Геометриска апстракција** – Стил што користи строго организирани геометриски форми за да предизвика визуелни и психолошки ефекти.

**Гест** – Физички потег на уметникот што ги пренесува енергетскиот и емоционалниот израз во делото.

**Глобализација** – Поврзаност на различни земји и култури на светско ниво.

**Гоген** – Пол Гоген ги користи бојата и симболиката за да прикаже духовни и егзотични теми.

**Графички дизајн** – Визуелна комуникација преку текст, слика и композиција за пренесување порака.

**Графички техники** – Постапки на печатење со кои се создаваат повеќекратни ликовни отпечатоци од една подготвена матрица.

## Ј

**Јаглен** – Мек цртачки материјал што создава длабоки тонови, силни контрасти и експресивни траги.

## К

**Кандински** – Василиј Кандински, член на „Синиот јавач“, е пионер на апстрактниот израз и на духовната димензија во уметноста.

**Контекст** – Историските, општествените и културните околности во кои настанало делото.

**Контурна линија** – Линија што ја дефинира надворешната граница на формата.

**Косут** – Јозеф Косут е еден од водечките претставници на концептуалната уметност, познат по употребата на текст и минималистички форми за пренесување на концептот.

**Кубизам** – Уметничко движење што ја раздробува формата на геометриски елементи и ја прикажува од повеќе перспективи истовремено.

**Костимографија** – Дизајнирање костими за театар, за филм или за сцена што ги поддржуваат драматургијата и карактерот.

**Кусама** – Јајои Кусама користи повторувачки мотиви и инсталации за создавање имерзивни простори кои го опкружуваат гледачот.

## Л

**Лазура** – Проѕирен слој боја нанесен врз подлога или врз друг слој за постигнување длабочина, светлосни ефекти и суптилни тонски премини.

**Ленд арт (Land Art)** – Уметнички практики кои го користат природниот пејзаж како материјал и простор за создавање дела.

**Линија** – Основен ликовен елемент што ги одредува насоката, формата и движењето во цртежот.

**Лого** – Графички знак што симболично го претставува идентитетот на организација, производ или настан.

## М

**Малевич** – Казимир Малевич е основоположник на супрематизмот, користи геометриски форми за апстракција и чист визуелен израз.

**Матис** – Анри Матис е водечка фигура на фовизмот, познат по хармоничните композиции и по силните бои.

**Матрица** – Подготвена површина од која се пренесува сликата при печатењето.

**Минливост** – Привременоста и транзиторната природа на делата кои исчезнуваат по нивното изведување.

**Моне** – Клод Моне е водечки импресионист познат по сериите слики што ги истражуваат светлината и истата сцена во различни времиња.

**Молив** – Традиционален цртачки инструмент што овозможува прецизност, тонска градација и контрола на линијата.

**Мондријан** – Пит Мондријан го развива неопластицизмот со строго геометриски композиции и примарни бои.

**Мурали** – Слики во голем формат изведени директно на ѕидни површини во јавен или во приватен простор.

**Модерна уметност** – Уметност која се развива со отстапување од традиционалните канони и со прифаќање нови стилови, техники и индивидуален израз.

## Н

**Надреализам** – Уметничко движење што се стреми да ги прикаже несвесното, соништата и фантазијата како дел од уметничкиот израз.

**Неодада** – Повторно инспирирано движење од духот на дадаизмот што ги нагласува апсурдот, играта и провокацијата.

## О

**Одржлива архитектура** – Архитектонски концепт што обезбедува долгорочна енергетска ефикасност и рационално користење на ресурсите.

**Оп-арт** – Уметничко движење што создава динамични визуелни ефекти преку прецизна геометриска апстракција.

**Оптичка илузија** – Визуелен ефект што создава движење, вибрација или промена на перцепцијата на гледачот.

**Органска целина** – Хармонично поврзување на сите елементи во единствено, неделиво уметничко единство.

**Орнамент –** Декоративен елемент што ја збогатува површината со ритам и со визуелна убавина.

## П

**Пикасо** – Пабло Пикасо е основоположник на кубизмот, познат по револуционерната обработка на формата и на перспективата.

**Пластичност** – Квалитет на цртежот што сугерира просторност и телесност на формите.

**Поинтилизам** – Техника на сликање со мали точки боја што од далечина создаваат визуелна целина.

**Постимпресионизам** – Уметничка насока што произлегува од импресионизмот, но става поголем акцент на емоцијата, формата и на личниот израз.

**Постмодернизам** – Уметничко и културно движење што го одбива апсолутниот модернистички канон и нагласува иронија, еклектика и интертекстуалност.

**Простор** – Тридимензионална средина во која се распоредуваат формите и се одвива човечката активност.
**Пропорција** – Односот меѓу димензиите на деловите и целината во архитектонската форма.
**Полок** – Џексон Полок е познат по акциското сликарство и техниката на капење и прскање боја.
**Потсвест** – Длабоки психички слоеви што ги диктираат интуицијата, соништата и ирационалните импулси.
**Плен ер (Plein air)** – Сликање на отворено, директно во природна средина за да се доловат автентичната светлина и атмосферата.

## Р

**Рељеф** – Скулпторска форма што се издига од рамна подлога, задржувајќи поврзаност со неа.
**Ready-made** – Објекти од секојдневниот живот претворени во уметнички дела со минимална интервенција од уметникот.
**Ротко** – Марк Ротко создава слики со големи полиња боја кои предизвикуваат интензивна емотивна реакција.

## С

**Сакрален објект** – Архитектонска градба наменета за верски и за духовни обреди.
**Сезан** – Пол Сезан е постимпресионист кој ги истражува формата и просторот преку геометризација на природата.
**Симбол** – Визуелен или материјален знак кој претставува идеја, концепт или значење надвор од својот непосреден изглед.
**Симболика** – Употреба на визуелни знаци и мотиви што носат подлабоки значења.
**Скица** – Брз, подготвителен цртеж што ја бележи основната идеја, форма или композиција.
**Слоевитост** – Присуство на повеќе значења, нивоа и читања во едно уметничко дело.
**Сликарство на полиња со боја** – Стил што се фокусира на големи површини боја како основен носител на емоција и на атмосфера.
**Сликарски техники** – Начини и постапки на нанесување боја со кои се постигнуваат различни визуелни и изразни ефекти во сликарството.
**Субјективност** – Личниот поглед и индивидуалното доживување на уметникот што доминира во делото.

## Т

**Текст** – Често користено средство во концептуалната уметност за да ја претстави идејата директно и јасно.
**Текстурна линија** – Линија што ги сугерира површинската карактеристика и материјалноста на објектот.
**Тираж** – Вкупниот број отпечатоци изработени од една матрица.
**Типографија** – Уметност и техника на обликување и на распоредување текст за јасна и естетска комуникација.
**Туш со перце/дрвце/четка** – Техника што овозможува разновидна линија од фина и контролирана до слободна и гестуална.

## У

**Улична уметност (Street Art)** – Уметност создадена во јавен простор, често со критичка, политичка или со визуелно експресивна намера.

**Урбанизам** – Планирање и организирање на просторот на градовите и на населените места за функционален и хармоничен развој.

**Урбана уметност** – Уметничко изразување во јавниот градски простор што комуницира директно со заедницата и со околината.

**Уметничко дело** – Создаден визуелен или материјален израз преку кој уметникот споделува идеја, емоција или став.

**Уметничка фотографија** – Фотографија создадена со естетска, експериментална или со концептуална намера, со акцент на изразување и визуелна порака.

**Уметничка изведба** – Времено, живо изведување кое вклучува гледачи и создава непосредно искуство.

**Уметнички техники** – Постапките преку кои уметникот го реализира своето дело.

## Ф

**Фасада** – Надворешниот видлив дел од објектот што го обликува неговиот визуелен идентитет.

**Фигурација** – Прикажување препознатливи облици и предмети, но и човечки или животински фигури.

**Фовизам** – Уметничко движење што ги истакнува силната немешана боја и слободниот израз над реалистичниот приказ.

**Фонт** – Дизајниран сет букви, бројки и знаци со заеднички визуелен стил.

**Флуксус** – Уметничко движење шо нагласува експеримент, спој на различни медиуми и кршење на границите меѓу уметноста и животот.

**Фотореализам** – Стил на сликарство кој стреми кон фотографска прецизност во деталите и во реалистичноста на прикажаното.

**Фотографија** – Уметност и техника на снимање и фиксирање слики преку светлина и камера.

**Фотографски жанр** – Категорија на фотографија што се одликува со специфични теми, стил или намена (на пример, портрет, пејзаж, документарна).

## Х

**Хармонија** – Организирање на елементите во уметничкото дело, создавајќи визуелен и емоционален баланс.

## Ц

**Цртеж** – Основна визуелна форма на изразување со линија и со форма.

## Ч

**Чувство** – Емоционална реакција предизвикана од доживувањето на уметничкото дело.

## Ш

**Шрафура** – Метод на засенчување со паралелни или со прекрстени линии за создавање тон и волумен.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Наставна програма за Ликовна уметност за II година гимазиско образование, Министерство за образование и наука на РС Македонија, 2025.

- Абаџиева, С. (2002). Длабоко дишење: Антологија на женското писмо во македонската ликовна уметност на 20 век. Скенпоинт.
- Абаџиева, С. (2017). Мултимедијална уметност. Остен.
- Абаџиева, С., & Алексиев, Е. (2015). Визуелните уметности во Македонија – Книга I: сликарство, скулптура, графика. Остен.
- Adams, L. (1999). Art across time: Volume II (The thirteenth century to the present). McGraw-Hill.
- Cramsie, P. (2010). The story of graphic design. Abrams.
- Davis, M. (2017). Teaching design. Allworth Press.
- Dondis, D. A. (1973). A primer of visual literacy. MIT Press.
- Ferrier, J. (Ed.). (1999). Art of our century. Chêne-Hachette.
- Франговска, А. (2023). Технологија, политика и екологија у македонској савременој уметности као одраз трансдисциплинарности и трансмедијалности (Докторска дисертација, Универзитет Сингидунум, Белград).
- Јовановиќ, Ѓ. (Ур.). (2021). Во дијалог: визуелна и применета ликовна програма на КСП Центар – Јадро (2020–2021). Центар Јадро.
- Lucie-Smith, E. (2009). Lives of the great modern artists. Thames & Hudson.
- Lupton, E. (2010). Thinking with type. Princeton Architectural Press.
- Ocvirk, O., Stinson, R., Wigg, P., Bone, R., & Cayton, D. (1998). Art fundamentals: Theory and practice. McGraw-Hill.
- Tate. (n.d.). Tate. https://www.tate.org.uk
- The Metropolitan Museum of Art. (n.d.). The Metropolitan Museum of Art. https://www.metmuseum.org
- The Museum of Modern Art. (n.d.). The Museum of Modern Art. https://www.moma.org

## СПИСОК НА ФОТОГРАФИИ ОД УМЕТНИЧКИ ДЕЛА